# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 февруари 2000 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше д-р Саво Климовски претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, продолжуваме со претресот по Информацијата во врска со убиството на тројца припадници на Министерството за внатрешни работи во село Арачинов, претрес што го прекинавме на вчерашната седница.

Притоа сум должен да ве информирам дека во текот на расправата, скоро на сите телефони во Собранието, посебно во мојот кабинет, имаше реакција на граѓани, а во мојот кабинет и кај шефот на кабинетот се јавија и родителите на двајцата загинати припадници на Министерството за внатрешни работи, кои побараа да ве замолам да ја сочуваме интимноста на нивната болка. Да ви кажам дека тие мошне совесно и чесно ја извршувале својата работа, да не се користи за жолчни расправи и за одредени политички цели, едноставно да се насочиме на она што би требало да расправаме по Информацијата.

Јас сум должен тоа да ви го кажам како глас на луѓето што постојано се јавуваа.

Јас извршив одредени консултации со координаторите на пратеничките групи и ги замолив да ве повикаат - и затоа е ова доцнење за да можеме да ја рационализираме расправата, за да можеме по концентрирано да ги кажеме своите аргументи секоја пратеничка група, да можеме евентуално да го намалиме бројот на дискутантите и бидејќи деловнички на почетокот временски не ја ограничивме расправата, да апелираме до извесна самоконтрола во врска со времето кое ќе го употребите учествувајќи во расправата. Тоа мислам дека ќе даде еден квалитет на расправата, ќе се вратиме на темата на расправата и мислам дека нема да се злоупотреби суштината на времето за кое расправаме.

Според тоа, јас немам право никого да ограничувам, бидејќи така не одлучивме на почетокот кога ја утврдувавме точката, односно кога преминавме на таа точка, во временскиот дел на расправата, но мојата молба беше до координаторите, ако можеме расправата да ја аргументираме со нови аргументи, некажани аргументи и да можеме денес да привршиме со самата расправа. Додуше, јас ви реков дека вчера на екранот овде имав 22 пријавени дискутанти. Верувам дека после тие укажувања бројот ќе се намали и дека ќе имаме еден одреден број кој ќе изнесе нови аргументи, во врска со согледувањата дадени во Информацијата.

Според тоа, преминуваме на наредниот дискутант, а тоа е господинот пратеник Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, ова е втор ден како дискутираме по Информацијата во врска со убиството на тројцата припадници на Министерството за внатрешни работи во село Арачиново и би сакал да се задржам на Информацијата што е доставена, поточно на првиот нејзин дел, што всушност сметам дека во изминатите дискусии вчера не беше посветено ниту доволно внимание на тој дел од Информацијата, ниту пак воопшто беше дискутирано, но дискусиите повеќе се однесуваа на вториот дел од Информацијата. Бидејќи ќе дискутирам во однос на тој дел, би сакал да ги цитирам првите две реченици од Информацијата.

"Како што е утврдено, настанот се случил за време на спроведување на активности на полицијата во рамките на акција за откривање и спречување сторители на кривични дела, одземање и кражба на луксузни возила на подрачјето на Скопје".

Втората реченица гласи: "На овие активности им претходел договорен состанок одржан истиот ден, 11.01.2000 година во 13 часот во ГУВР - Скопје".

Третата реченица гласи: "На состанокот, по укажувањето за обемноста и сериозноста на овој вид инкриминации, само за пет месеци на подрачјето на Скопје биле украдени 225 луксузни моторни возила".

Би сакал да се задржам токму на овој дел, почитувани пратеници.

Видете, само за последните пет месеци биле украдени луксузни возила, и тоа само на подрачјето на Скопје а не во

цела Македонија, 225 луксузни моторни возила. Пред месец и половина, доколку се сеќавате овде, на предлог на премиерот беше предложен нов министер за внатрешни работи. Во тој момент опозицијата жестоко го бранеше претходниот министер - многу бил стручен, многу добро работел и т.н. На министер на кој во последните пет месеци му се случуваат кражби на 225 луксузни возила само на подрачјето на Скопје, се најде опозицијата ептен жестоко да го брани тој министер. Имаме стенографски белешки во кои зборувате за неговата стручност и одбрана, односно вашата одбрана за него беше до максимум изведена. Нормално е да се запраша јавноста, а зошто толку многу го браневте господа тој министер, на кој толку многу кражби му се случиле на луксузни возила. Во стенографските белешки има припадници и од СДСМ и од ПДП кои велеа зошто токму најстручните ги менувате. Постојат неколку можни одговори кои човек може да си ги даде, зошто толку многу го браневте.

Првиот одговор е можеби нај наивниот одговор, меѓутоа може да држи како едно логично објаснување. Првиот одговор е, вие сте опозиција, па било кој предлог на Владата на премиерот априори ќе го одбивате. Таа логика држи, опозициона логика е, меѓутоа, колку има смисла во таа логика и да браните некој на кого што му се случуваат, во тој момент не ги имавме овие податоци и не знаевме дека толку многу кражби во последните пет месеци од неговото министерување се случија. Важно вие го браневте. Тоа е една прва логика, која може да држи, затоа што сте опозиција.

Втората логика зошто толку многу го браневте исто така е поврзана со првата, од опозициони размислувања размислувате - колку што е полошо во државата, толку подобро е за нас опозицијата, па нека има кражби, ама добар е таков некој на кој му се случуваат такви кражби.

Третата логика, односно третото објаснување зошто толку многу го браневте, затоа што можеби некој толку жестоко од тие што го бранеа можеби е поврзан со овие криминогени работи. За ова треба самите вие и македонската јавност да си дадете одговор зошто толку многу го браневте.

Би сакал уште за една работа да проговорам, а тоа е моментот на искористување на еден немил настан што одреден број на медиуми го искористија за неверојатно поткревање на меѓунационалните тензии, односно туркање во тој правец. Дали е шаблон, неколку пати што ни се повторува, се сеќавате ли минатата година ова време, крајот на јануари и почетокот на февруари, што се случуваше во неколку основни училишта и во неколку средни училишта во Скопје. Почнаа да се тепаат млади Македонци и млади Албанци, на месец дена пред нападот на НАТО врз Косово, кога се вриеше таму, односно се повлекоа и набљудувачите во Косово.

Одеднаш почнаа да се случуваат, дури имавме и извештај, некој од пратениците побара да биде доставен извештај и добивме од Министерството за внатрешни работи, дека биле изолирани, односно фатени одредени луѓе кои тоа го иницираат, тие тепачки меѓу млади Македонци и млади Албанци. Сега ни се случи ова во Арачиново, веднаш потоа се случува напад врз полициска станица во Осломеј и одеднаш сето тоа по сличниот тој шаблон почнува да врие и да се крева. Тогаш за среќа, сметам дека поради високата свест на политичките партии, кои што ја сочинуваат власта, ситуацијата не ескалираше, односно комплетно се смири и во однос на тие тепачки на млади Македонци и млади Албанци. Сега повторно имаше таков обид.

Сметам дека во однос на тоа треба да се размисли и токму во тој правец ќе дојде на дискусија амандманот на пратеничката група на Демократската алтернатива, кој мене искрено кажано многу ми се допадна и ќе го поддржам, во смисла во заклучоците на Комисијата за одбрана и внатрешна политика има еден став дека нема политичка позадина и т.н. Додека комплетно не откриеме, комплетно да се испита случајот не треба да се прејудицира и да се дава тоа.

Кога ќе дојде амандманот на дневен ред ќе го поддржам токму поради овие работи. Ако еднаш ни се случил еден шаблон, а потоа тој шаблон после година дена во истиот период пак ни се случува, значи таа спирала, некој од пратениците рече, да се развие спирала на омраза, тогаш можеби е прејудицирано, односно предвреме ние да кажеме дека нема никаква политичка позадина, дали на самиот настан или настаните што следеа после тој настан.

Вчера слушнавме од претставник на СДСМ, кој неколку пати кажа во името на пратеничката група на СДСМ, изнесува одреден став дека токму поради овие настани што се случија, бара од министерот за внатрешни работи да си поднесе оставка.

Видете почитувани пратеници, на претходен министер му се случиле 225 кражби за пет месеци, доаѓа новиот министер, се отпочнува со акција и одеднаш вие велите:не, таквиот министер треба да си поднесе оставка. Зошто да си поднесе оставка? Затоа што почнал да спроведува или да чисти нешто што претходниот министер не знаел да го прави? Или вам тоа нешто не ви одговара?

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

(Од место без уклучен микрофон).

Тројца полицајци погинаа.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Се кажа дека не била ефикасна работата, не било ефикасно испитувањето. Само за споредба господа пратеници, помислете што се случи, беше атентатиран претседател на држава. Направивте вие некаква истрага? Најдовте некого? Дали осомничивте, па дури да се потврдеше дека сте се посомневале во некого, а се потврдило дека погрешно било, не бил тој и тој човек инволвиран? Ништо не направивте. Овде за два месеци се најдени одредени докази, судот ќе каже дали тие се валидни или не.

Меѓутоа, споредете ја таа ефикасност со оваа ефикасност што сега беше пројавена, чисто споредете ја и размислете дали држи тоа што го кажавте.

Од сето тоа, јас сметам дека Информацијата е издржана и ја прифаќам Информацијата.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Барам реплика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Данило Глигоровски.

Реплика има господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван господин претседател, прво сакам да кажам дека ваквите дискусии се сосема спротивни на она што на почетокот го кажавте за некаков договор за смирување на ситуацијата. Овој пат имавме дискусија во која, наместо да се расправа за Информацијата, на некој начин се сака да се расправа како да СДСМ и пратеничката група е на власт.

Согласно Деловникот, како координатор сакам да реагирам на фактот дека господинот Данило Глигоровски, барем едно 20-30 пати на говорницата се обиде да префрла вина врз СДСМ, во врска со тоа кој кого поддржува во Министерството за внатрешни работи. Само сакам да потсетам во Парламентот дека се 12 месеци Владата која ја поддржува господинот Глигоровски се состави два пати и два пати направи реконструкција, што значи четири пати гласавме за Влада. Во сите тие четири гласања СДСМ беше против изборот на сите министри, а господинот Глигоровски гласаше за изборот на тие министри, вклучувајќи и три пати избор на господинот Павле Трајанов.

Сега нека се процени кој кого поддржувал и каде поддржувал, така што мислам дека ова е сосема апсурдна ситуација, опозицијата да се обвинува за работите кои ги вршат министрите, без разлика дали е сегашниот или минатите кои тие ги поддржуваа.

Меѓутоа, она што е апсолутно како второ, мислам дека ако коалицијата не ги почитува договорите кои вие ги предлагате, тогаш не знам што не обврзува нас да го почитуваме истото.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас сакав да ви кажам дека се обидувам колку што е можно да ја обавувам оваа функција, кога ќе седнам на ова место, по неутрално, односно да се придржувам кон Деловникот и позитивните прописи. Не дали ја поддржувам позицијата или опозицијата, како гласам, тоа е друго прашање, меѓутоа, зборот ми беше заради рационалноста и заради аргументите кои ги кажав така да биде.

Меѓутоа, имате право господине Глигоровски Данило на реплика и да завршиме со тоа.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Две работи би сакал да спомнам, а тоа е дека јас се придржувам до Информацијата, поточно цитирав и дискутирав за првиот дел од Информацијата, а втора работа, колку и да сакате да се обидете да заборави овој народ или ние да заборавиме, постојат стенографски белешки во кои вие го браневте тој министер. Знаете како го браневте? Најстручниот дел во Владата, иако не чини Владата, ама најстручниот дел ви го менувате. Не можете да избегате од тој факт, тоа се ваши зборови господа од СДСМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Поповски, продолжуваме ли со репликата?

До три пати имаме право сега по Деловникот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека еве жустро сме потсетувани, да ги запамтиме овие дискусии, да не испадне утре кога ќе ја сменат госпоѓата Димовска, дека ние и неа сме ја поддржувале, кога тие ќе ја сменат. Имам впечаток, за сите министри додека ги гласаа се вред, откако ќе ги сменат, тие биле наши.

Сега да не испадне дека Павле Трајанов е од СДСМ, Доста Димовска е од СДСМ, еве од весници се слуша дека Љубен Бошковски ќе биде сменет, да не излезе и тој дека е од СДСМ кога ќе видат дека е сменет. Да не заборавиме кој кого гласал во овој Парламент и кој кого поддржувал.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам да ја прекинеме оваа дискусија, која е непродуктивна и не е во функција.

Да продолжиме со расправата.

За збор се јави господинот пратеник Ристо Тодоров.

Се откажува ли Ристо Тодоров од дискусијата? Не.

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, членови на Влада, денес ние претставниците на народот продолжуваме, за жал, со расправата по материјалот кој Владата на Република Македонија го нарекува Информација во врска со убиството на тројцата припадници на Министерството за внатрешни работи во село Арачиново. Можам да кажам дека ние пратениците ќе можеме да расправаме за еден настан кој прво ја потресе, а потоа ја разбранува јавноста во Република Македонија.

Со оглед на фактот дека слични настани во соседството им претходеа на настани, поради кои меѓународната јавност се уште ја боли глава, слободно по она ја разбранува јавноста во Република Македонија, може да се додаде и пошироко. Разбрануваноста наспроти многу релаксираните меѓуетнички односи беше присутна и се уште е присутна. Но да се вратиме на случајот, како што Владата го нарекува убиството. Не ми е јасно зошто се одлагаше толку оваа расправа. Ако причината за тоа била некоја нова информација, за која на Министерството за внатрешни работи му било потребно време да ја подготват, немало потреба толку да се мачат. Содржината на Информацијата е потенка од многу новинарски извештаи, кои можевме да ги прочитаме по весниците, додека настанот им беше топ тема.

Информацијата - првото нешто што ми остави впечаток е постојаното потенцирање дека Арачиново е село. Арачиново е седиште на општина со градоначалник, со општински органи и тела и таков треба да биде односот кон него.

Вториот впечаток е втор само по ред, меѓутоа, беше многу посилен.

Посилен затоа што воведува нова практика во функционирањето на државата. 130 полицајци се кренале да одат во Арачиново за да спроведат истрага по повод еден настан, кој на секаде во светот се нарекува злосторство и пред да почнат со акцијата, високи старешини на Министерството за внатрешни работи оствариле контакти со градоначалникот, со претседателот на Советот на општината, со пратеникот во ова Собрание од таа изборна единица, со селскиот оџа - така е наречен од Владата - и други претставници од селото за да им ги објаснат мотивите и целта. Мотивите за вакви работи не се објаснуваат секому, туку на соодветниот судија кој издава налог за дејствување, соодветно со потребите. Некако и можам да поминам преку тоа што се стапило во контакт со градоначалникот и луѓето од локалната самоуправа и со пратеникот, ама оџата не ми се вклопува во ниедна шема.

Што ќе се случеше ако оџата во тој момент не бил дома, па не можеле да го прашаат дали да влезат во Арачиново или да се налутел и да не дозволел полицијата да си ја врши својата работа. Кога е есеноска во Валандово и Богданци се апсеа некои лица директори на фирми во нивните домови на полноќ и пред нивните семејства, а потоа со лисици на рацете во полициски кордон со пушки на готовс ги шетаа по градот на очиглед на граѓаните, не се сеќавам дали некој висок, или низок, сеедно, старешина на полицијата на Република Македонија, контактираше со мене за да ми ги објасни мотивите за апсењето на луѓето.

Јас сум пратеник во овој дом, нели? Не се сеќаваат ниту луѓето од Локалната самоуправа од Богданци и Валандово дека некој ги прашал за нешто. За свештениците и да не зборуваме, нив кај нас ги има секакви, и попови, православни, католички и оџи.

Друг впечаток, кој би бил нов податок и веќе не би ми бил познат од друг извор на информацијата, не добив. Од самата Информација не добив таков

податок, освен случајот Арачиново дека не е завршен и не е познато дали се фатени убијците. Додуше, премиерот, во негов вака победнички манир, јавно изјави дека Арачиново е веќе завршен случај. Ама мене не ми изгледа баш така.

Од Информацијата не може да се добие впечаток дека судот ќе може лесно да излезе на крај со овој случај. Оружјето што е пронајдено паѓа под удар на законот, бидејќи за него се немало дозвола. А, предмет на нашава расправа не се оружјата за кои се нема дозвола, туку сосема конкретни видови оружје и муниција од кои и со кои се убиени луѓето.

Информацијата во целина не дава никаков конкретен доказ дека случајот Арачиново е завршен. Не дава доказ дури ни дека на случајот нешто и се сработело. Се вели дека некои луѓе се притворени некој е побегнат и по него се трага, а некои овде, не е кажано кој ама весниците објавија име и презиме од нешто починал, дека бил во надлежност, односно додека бил во надлежност на полицијата. Неговото тело било дадено на обдукција, ама не е кажано мислењето на Институтот за судска медицина, ниту пак мислењето на истражниот судија, кој издал налог телото на починатиот, заради утврдување на причината за смртта, да се однесе во Институтот за судска медицина.

Пред малку спомнав дека во Валандово и во Богданци пред семејствата се апсеа директори и некои лица со пушки на готовс и со панцири, а во една акција, која претходно е испланирана, во која акција треба на некој да му се згази на опашката и тоа во близина на Арачиново, е пратена екипа составена од луѓе, кои така велат весниците, едвај или дури не се познавале и уште наоружани со лично оружје. Ова прашање во врска со Арачиново ама има многу поширока димензија.

Дали има некој во МВР кој знае и умее да биде на висина на задачите, кои се поставуваат пред него или во работата на МВР и натаму ќе се применува системот што ќе биде ќе биде.

Некои луѓе можат да бидат неодговорни по природа, можеби таков им е карактерот, ама овде не се работи за лична одговорност. Тука се работи за нечија безбедност и нечии животи и не може да станува збор за импровизации. Во Информацијата за тоа нема ниту збор. Сите што се значајни за случајот Арачиново, велат дека предметот е завршен. Нека е и така. Со не одговорното однесување на некои структури во Министерството за внатрешни работи има и други случаи.

Затоа, обрнувам внимание. Ние не сме упатени многу во правилата на службата во МВР. Но, таму има контролни органи, кои ќе мораат да утврдат дали од акцијата од која произлезе случајот Арачиново се постапило според прописите за заштита на службените лица. Ако не се постапило така, нека не се преминува преку тоа. Човечките животи не се играчка, со кои некој смее да се игра.

Со ова би завршил, но пред да завршам би се потсетил на податокот даден во Информацијата дека во сите места каде што е извршен претрес во Арачиново, Скопје, Маврово, во куќите, шталите и т.н., пронаоѓано е оружје кое не е евидентирано и не е под контрола на државата. Задолжително е наоѓано е дрога.

За ова, последното не би сакал да размислувам, меѓутоа има свое мислење. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ристо Тодоров за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, најпрвин да кажам дека до крај нечесно, докрај нефер, нехумано ако сакате, оваа состојба политички да се експлоатира, било во правец на тоа политички да се поентира односно да се стекнуваат политички појави или пак било во правец на тоа да се амортизира оваа трагична состојба.

Ние тука било што да кажеме, јас мислам дека тоа во суштина нема многу да менува односно да измени во однос на покојните, односно жртвите, затоа што нема да им биде полесно на нивните семејства. Туку, напротив и претседателот искажа ќе им биде потешко, бидејќи пак ќе ги потсетува на тоа, дополнително ќе ги потсетува на тоа.

Ние сме тука да се обидеме оваа состојба да ја разјасниме во толкава мера колку имаме професионална компетенција да ја разјасниме, толку колку што сме надлежни оваа состојба да ја разјасниме и толку колку што имаме политичка волја оваа состојба да ја објасниме. Или пак, да заземеме политички став, јас мислам реален политички став. Тој ќе биде толку реален, колку ние сме искрени и реални пред себе

си и пред јавноста, колку ние сме одговорни. Поинаку, ние ќе имаме став, политички став кој нема да одговара на состојбата, што значи нема да биде реален.

Без дилема да кажам дека актот кој се однесува на тројцата полицајци е криминален акт и тука мислам скоро сите дискутанти се на тоа мислење. Дополнително би искажал дека и актот на убиството на граѓанинот, односно на младиот Асани е исто така криминален акт. И, тоа мора да се каже, бидејќи ние не можеме да дозволиме каубојски начин, на таков начин да постапуваат државите овде кои имаат одговорност. Да ликвидираат лице, кои воопшто немаат право на тоа, тоа е прашање на обвинителот, судот, па и извршителот и т.н.

Општо мислење, разговарајќи со професионално компетентни луѓе е дека, актот што се случи во Арачиново, е акт на организиран криминал, макро организиран криминал, во кој по својата природа, како и во повеќе земји во светот, е тесно поврзан со власта или пак поддржуван од страна на власта. Поинаку и не може да опстои. Сосема е нелогично да се мисли дека е тоа дело на ситни криминалци, кои би шверцувале дрога и слични работи, за пари кои не одговара на нивните акции да се убијат тројца полицајци. И, тука е логиката, мислам, во ред.

Одделни искажувања од страна на политичари или пак новинари, коментатори во средствата за јавно информирање, кои настојувале мислењето да го ориентираат во правец на тоа дека овој акт е, сепак, акт на некои фантомски служби, што мене ме асоцира на нешто минато, односно внатрешен непријател во соработка со надворешен непријател. Јас ги сметам овие мислења не коректни по своја природа револуционерни, нео комунистичките, ултра леви или ултра десни изјави. Целта на ваквите искажувања, на вакви мислења е само да се излажат односно да се излаже јавноста, да се прикрие вистината пред луѓето и граѓаните.

Јас не сум убеден дека при вакви искази може да се убедуваат луѓето, кои имаат над 5 години, па дури и 10, тешко дека ќе поверува на ова. И, да е така, евентуално, секој би го поставил прашањето па каде се тука државните институции, надлежните органи кои се компетентни за ова, па каде е тука Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и што тие луѓе работат, како функционираат. Па, тие би требало да постојат за да претставуваат имунитет на можните такви акции. Служби постојат насекаде во светот, ама постојат и органи кои се надлежни да ги спречат таквите состојби кои планираат, евентуално таквите служби.

Едноставно може да се постави прашањето ако по претпоставка да се разјасни ова прашање за фантомските служби, во соработка со некој непријател и т.н., се поставува прашањето пак, кој има толкава сила да нареди на царина да се пуштат камиони, шлепери без никаква пречка. Може ли таквите служби да бидат толку силни? Секој ќе каже дека е ова шега. Или пак да се постави друго прашање. Кои можат и имаат можност да се занимава со меѓународната па и внатрешна недозволена трговија, било да се работи за цигари, за алкохол, или пак евентуално дрога и оружје. Ние имавме прилика да, односно јавноста да се запознае дека сепак, се шверцува со оружје од тука за Србија, односно во однос на една земја која е под меѓународни санкции и која докажала во последниве десет години како се справуваат со него во овој регион. И, тука, исто така, е јасно.

Значи, тоа можат не да го направат некои апсурдни служби, фантомски служби, туку едноставно можат да го направат токму луѓе, структури кои се блиски до власта, да не кажам поддржани од власта. Или поконкретно, ако сакате во однос на овие фантомски служби. Па кој конкретно наредил да се постапува против граѓаните во Арачиново. Ние ги знаеме тие луѓе по име и презиме и дајте да провериме дали тие се членови на тие такви, така наречени тајни служби, па да се отвори судски процес против нив. Или пак, граѓанинот кој е убиен, се знае кој полицајци беа на кое возило, па да ги провериме навистина овие луѓе, значи се луѓе на странска служба, на луѓето што вршеа вакво акт ништо не им фали, дури обдукцијата може да се фалсификува по политички налози.

Во однос на жртвите и постапките, кои беа преземени во однос на состојбата во Арачиново, мое мислење е дека се работи за две структури. По однесувањето исто, а по одговорноста различно.

Првата структура се криминалци, кои вршат таков акт и кои се одговорни само спрема себе си. Одговараат за животот со своето тело со својата душа врши односно си одговара самиот пред себе си. А, тие се криминалци.

Што е со втората структура? Втората структура е државната структура, која исто така се однесува, не случајно реков, со исто или готово со исто однесување, а различна

одговорност. Втората структура е државата односно власта, која се однесува исто скоро како криминалците, а има поинаква одговорност. Додека првите одговараат пред својот живот, државата си има обврски, власта си има закони која е должна до крај да ги почитува тие закони. Не може да се однесува како структура на Дивиот запад во смисла на дејствувањето на најмоќниот.

Замислете, пред една ипол година се случил терористички акт во еден трговски цента во САД. И, ми се чини, дека погинат околу 150 луѓе. Замислете, да се преземат такви акции од страна на полицијата против граѓаните, на кои едноставно може да се посомнева и да се врши терор над нив. А, можеби само еден или двајца од граѓаните се виновни за тоа. Цената, практично, би требало да ја плата сто илјади или двеста илјади луѓе, колку просечно има еден кварт на тие големи градови американски. Или пак, во Баскија како дејствува ЕТА или Ирак што дејствува во Северна Ирска. Замислете државата така да се однесува кога криминалците или терористите преземаат такви акции. Тоа е катастрофа, значи државата се идентификува со криминалните организации, со терористичките организации и т.н. Ова е до крај недозволено.

Друго што сакав да кажам, во однос на тоа дали да се даде на ова прашање политичка димензија, етничка и т.н., јас мислам дека нема политичка димензија. Од причина што под претпоставка дека убијците, односно криминалци беа Албанци и полицајците сите тројца да беа Албанци, веројатно, така ќе завршеше исто. Или пак ако убијците ќе беа Македонци па сите полицајци, пак Македонци, исто ќе заврши. Тука нема етничка боја и секој нормален помислува во правец дека таа структура бара само толеранција и послушност и услуги од власта, а не бара политичка поддршка и нема политички позадини.

Во однос на убиството на граѓанинот, јас мислам дека може да се даде политичка боја и етничка боја од причина што тој едноставно од полицајци, за да се задоволуваат некои страсти. Од политички причини, да не падне рејтингот на една политичка структура. И тука, мислам дека не може да се исклучи политичката боја и етничката боја.

Еве некои размислувања на некои добри познаватели на состојбите кај нас, па и дипломати зошто ова се случило. Сите размислуваат односно мислат дека ова е дело макро организираниот криминал.

Второ, некои се со мислења дека таквата структура сакала на власта да и даде лекција, ако таа престанала да даде и понатаму услуги во однос на таа структура. Некои мислат дека сакала таа структура да го избрише секој можен траг, евентуално, ако дојдат други за идните власти. Некои мислат дека се сакало да се демонстрира сила на таа структура, дека можат да го направат ова, ако не слуша власта и понатаму. Или пак, некои мислат дека се даде примат на друга група па оваа сега се реваншира против власта. Овие се претпоставки на сериозни луѓе, кои сериозно ги познаваат состојбите кај нас.

Се на се, се е тука, жртвите се тука, криминалитетот е овде репресијата беше тоа што беше. Кога сме кај репресијата мораме да кажеме дека, тешко дека ќе имаме одговорност во однос на тоа. Од причина што, од минатото, тоа е веќе потврдено дека така ќе биде. Евентуална одговорност ќе биде, а мислам оправдано, затоа што организацијата на акцијата не била добро спремна. Мислам дека тоа е во ред. А, одговорност за репресивно однесување, па и убиство во однос на граѓанин тешко дека имаме.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (Продолжение)

Ние имавме извештај од гостиварските настани, кога Комисијата излезе и јасно кажа дека имало пречекорување на овластувањата, па и во точката 4 се бараше законска одговорност на тие што ги пречекориле овластувањата, и во точката 2 се кажуваше дека треба во полицијата да се примаат повеќе структури и националноста и сето тоа е декларативен документ. Мината власт се оправдуваше дека, бидејќи документот беше во 1998 година април месец, дека немала време да го имплементира тој документ, иако мислам дека тоа не е праведно. Се поставува прашање што прави оваа власт. Тој документ е документ на Собранието и ја обврзува оваа власт, додека не излезе друг документ со кој ќе се суспендира или ќе се повлече тој документ. Јас мислам дека обврската за имплементацијата на Извештајот од Гостивар е и на оваа Влада.

За средствата за информирање, морам да кажам дека и овој пат се докажа дека некои средства за јавно информирање на македонски јазик, а скоро сите на албански јазик, ја скриваат вистината пред јавноста. Ова е многу трагично и од самиот факт што се настојува да се скрие вистината од луѓето, тоа само по себе е сомнителна

работа. Значи некој сепак има некој интерес, некој е вмешан во нешто и тука со право луѓето можат да размислуваат и за такви можни прилики. Дури познатиот писател и публицист Ким Мехмети излезе со текст на дневник, каде на пристојните новинари односно едностраните новинари им укажа дека треба, за прашањето на Арачиново да се обратат не до некои фантомски служби, туку до власта, како што тој ги нарече до шлепер - патриоти. Јас тоа го почитувам како мислење негово и него го почитувам како принципиелен. Тој едно време кога ние бевме во позиција, пишуваше конструктивно, иако на некои од мојата партија не им се допаѓаше. Меѓутоа јас тогаш му се јавував дека го поддржувам во неговиот принципиелен и аналитички пристап кон прашањето. Другите кои беа во опозиција ќе го поддржеа него, затоа што сметаа дека тој пишува против ПДП. Тој не пишува ни против ПДП, ни за друга партија, туку така како што беше убеден. Сега истите тие што го подржуваа, сега го напаѓаат во "Флака" и т.н., со ужасен вокабулар, со тешки етикети, па го нарекуваа не Ким туку Кимче и т.н., го оспоруваа неговото национално чувство и т.н. Тоа е до крај неодговорно, ултра комунистички. Тука јас би завршил, би се држел на препораката усмена што ја искажа претседателот Саво.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Мерсел Биљали за учество во расправата.

Има збор пратеникот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, најнапред би сакал, почнувајќи ја дискусијата, да го осудам убиството на тројцата припадници на МВР кои трагично загинаа за време на извршување на својата должност. И да им изразам длабоко сочувство на семејствата на полицајците.

Она што го слушнавме или добивме како извештај од страна на МВР, дава надеж дека работите може да се решат по повод овој случај односно виновниците да се изведат пред лицето на правдата. Но тоа на нас како пратеници не ни дава за право да молчиме, туку се повикува, во една ваква многу опасна ситуација и не обврзува, гласно, прецизно и јасно да се произнесеме со сиот наш авторитет односно позиција што ја имаме како дел од државниот апарат и истата да ја вложиме во разрешување на овој случај односно во интерес на државата.

Велам во интерес на државата, држава Македонија, поточно држава Македонија е единствената држава што ние ја имаме. Барем јас така ја сфаќам. И ако овој случај сакаме да го гледаме како изолиран односно како поединечен, како случај што можеме да си дадеме за право да го минимизираме, тогаш можеби можеме да кажеме дека вакви работи не биле претходно, односно дека нема да се случат повторно.

Но, дами и господо, јас никако не можам овој случај да го гледам од страна не заинтересирано или по некој етнички клуч, кој по дефиниција значи само замолчување за да не се нарушат "добрите" или некој како сака нека ги интерпретира меѓу национални односи во Македонија. Сметам дека добрите меѓу национални односи не се градат со молчење или замолчување. Исто така тие не се градат со постојано потенцирање, ставање во преден план во едни вакви ситуации кој можат да бидат злоупотребени, или да ги сметаме за апсолутно непотребни и излишни. Последен случај за кој што и денеска расправаме е арачиновскиот. Тука имаме јасен криминален чин во кој апсолутно, да ми простите, не ме интересира која националност е во прашање, на тие што го направиле тоа, туку ме интересира да ги видам изведени пред лицето на правдата сите тие што го направиле тоа, односно да го видам убиецот, тој да излезе пред лицето на правдата и да ја добие максималната казна.

Си давам за право пред целата македонска јавност да побарам отвореност, пристапност на сите средства за јавно информирање, од почетокот па до крајот на овој случај за едноставно да биде симната маглата, да биде симнат било каков сомнеж од овој случај, да и биде јасен на македонската јавност, да нема недвосмислености, кои понатаму може да се злоупотребат во затегнување во меѓунационална тензија и да нема никакво оправдување за виновниците. Во таа отвореност која сметам дека треба да оди кон македонската јавност, сметам дека треба да оди во таа насока, затоа што мислам дека македонската јавност и средствата за јавно информирање се значаен сегмент на македонската држава. Таков однос треба да имаме сите од овој парламентарен состав, да бидеме искрени, бидејќи не се баш сите такви од овој парламентарен состав. Истите тие својот однос, своите настапи ги градат со, можеби, голема доза на лицемерие кога зборуваат од

говорницата, повикувајќи се на некаква усогласеност на пратениците. Мислам на пратеникот од Арачиново кој вчера зборуваше и кој што самиот не треба само декларативно да се произнесува за случајот, туку малце и од своја страна треба да работи на позитивниот приод на релаксирање на тензиите, по повод овој случај, па ако сакате и на релаксирање на меѓуетничките тензии. Би сакал да забележам на неколку работи:

Мислам дека во овој случај, за кој расправаме неколку дена, за кој што животно е заинтересирана македонската јавност, имаме многу луѓе кои што се директно допрени, не може да излезе пратеник и да се произнесе дека тоа се случило во негова изборна единица и затоа што тој е нај директно умешан, што мислам дека треба нај јасно да се стави до знаење, не може да се зборува за аверзија од страна на Републиката кон Арачиново, туку во овој случај треба да зборуваме малку од аверзијата што ја има Арачиново кон Републиката. Тој спомна дека има неколку извештаи од МВР, од последните години кои говорат дека таму била релативно мирна ситуацијата. Јас сум поминувал повеќе пати, кога сум одел на кај Куманово, низ Арачиново и можам да ви кажам дека ниту еднаш не сум видел полиција во Арачиново. Зошто е тоа така? Кој го создаде Арачиново, дали оваа власт, зборувам фигуративно, не сакам да се увредат оние луѓе кои што живеат во Арачиново, кои на некој начин можат да се осетат допрени.

Меѓутоа ако зборуваме за Арачиново како случај во кој што пратениците на опозицијата зборуваат, или на позицијата, дека тоа е мека на шверц, оружје на дрога, значи како еден синоним кој што од денес ми се чини се употребува во македонскиот јазик, треба да се прашаме кој го создаде Арачиново. Дали е тоа оваа власт, ако е оваа власт да видиме зошто е создадено. Ако не е оваа власт да видиме која власт го создаде.

Повеќе пати во дискусиите на пратениците, посебно од опозицијата, има обид за поистоветување на власта и на криминалот. Јас само едно нешто сакам да прашам јавно. Од каде им толку голема сигурност на пратениците на опозицијата да излегуваат со такви ставови дека власта и криминалот се поистоветуваат. Дали е тоа можеби некое лично искуство. Еве јас како пратеник кој ја поддржува оваа Влада, немам искуство дека власта може да се истовети со криминалот. Јас не ја амнестирам оваа власт, ќе се покаже и ќе се докаже дали оваа власт има нешто што можеби личи на тоа за кое зборуваа пратениците од опозицијата, меѓутоа, сметам, ако се прави толку силна паралела, една паралела која што со таква сигурност се потенцира од толку многу пратеници, можеби треба да се запрашаме од каде доаѓа таа сигурност.

Тоа се дел од забелешките што ги имав. И една мала дигресија, ќе ми дозволите да се вратам на дискусијата.

На крајот од овие забелешки сакам да нагласам дека токму правилно изградениот став кон сопствената држава, кон сопствената јавност за кое што зборував и по повод така изградениот став, едно достоинство кое што го носи човек, па и пратеник односно народен избраник. Во една таква ситуација, со едно така поставено однесување, мислам дека би ни сметало да одиме по странски амбасади и да зборуваме против Македонија, затоа што тоа достоинство не би ни дозволило. Точно знаете на кој мислам.

Затоа што, кога одиме по странските амбасади и кога дискутираме за тоа колку Македонија не е добро место за живеење, колку националните односи се такви или вакви, ние сме тие што им даваме за право на бело светските мисионери да ни се мешаат во внатрешните работи, да си испробуваат рецепти за работи за кој што се плашат да ги направат дома. Тука ќе се вратам на тоа што беше спомнато за коментарот на СИ-ЕН-ЕН, па понатака професорот Вилјам Дам, па тоа дека имало низа инциденти на меѓу национална основа, кои тие понатаму ја користат за своите анализи и само им даваме за право да ни се мешаат во внатрешните работи. Мислам дека тој однос не е честит кон сопствената држава.

И сега во овој момент, веќе го спомнав тоа, меѓутоа опозицијата, посебно СДСМ го смета тоа за не популарна метода, но во еден ваков случај, со една ваква политичка тежина несомнено треба да се види, кога станува збор за овој случај, дали постои континуитет кој оди наназад, малку пред 1998 година, кој што се враќа на минатата Влада. Ако е така, верувам дека ќе собере сили опозицијата да признае дека имаше некои октоподи и слични животни, кои беа во нивните редови. Тогаш е крајно време да се прашаме уште еднаш кој го создаде Арачиново такво за какво што зборуваме денеска, а постојат повеќе Арачиново, денеска.

Ако се има доблест тоа да се признае, и се обраќам на опозицијата,

тогаш таа може да има поголема тежина и поголемо право да и се обрати и на оваа Влада и да каже и вие имате ваши Арачинова и Вие сте поврзани во не знам што. Јас не знам за такво нешто, јавно го кажувам тоа, не ми е познат метод на такво владеење, во кој власта е поврзана со мафијата и со криминалот, тоа сум го кажал повеќе пати. На суд ја повикувам македонската јавност и сите органи во државата. Ако има такво нешто, ако се собере сила да се признае како било претходно, така може да се земе како аршин и за понатака.

Кога зборуваме за овој случај, дами и господа сакам да одам еден чекор понатака и сакам да ги побарам имињата на сите приведени, инволвирани во овој случај, да ни бидат соопштени на нас пратениците. Мислам кога расправаме за една ваква значајна информација, треба да имаме малку повеќе информации. Ако тоа не може да се направи со овој парламентарен состав, односно ако е премногу широко да се соопшти на 125 пратеници, тогаш барам да се свика комисија за контрола на Службата за државна безбедност и Агенцијата за разузнавање и го повикувам претседателот да закаже седница, на која ќе разговараме за безбедносните детаљи, затоа што тука се споменуваше дека е доведена во прашање безбедноста, дека има некои сегменти кои што ја допираат безбедноста на државата. Ако е така дајте да ги разгледаме тие моменти, ако тоа не претставува мешање во судската власт, сакам да ги дознаеме имињата, ние треба да ги знаеме имињата, ние сме сепак дел од институциите на државата и потребно е како комисија да излеземе со став. Нормално сметам дека како комисија немаме зошто да не ја прифатиме оваа информација, но мислам дека ние како пратеници треба да бидеме добро информирани.

Јас би сакал сега да приврршам, ризикувајќи на некој начин да бидам помалку и досаден, бе сакам да повторам некои работи. На некој можеби дури ќе му делува тоа и одвишно да се спомне.

Една е Македонија на цела нејзина територија и од таа територија ниту еден сантиметар никој нема право да отстапи кој што е Македонец, и кој што е државјанин, кој што ги ужива правата на оваа држава. Тоа се однесува и за сите националности. Дури напротив, сите имаат обврска да ја штитат нејзината целовитост и интегритет по секоја цена.

Едно чувство сепак, стои кај мене над сите останати, а би сакал да биде неприкосновено и за сите вас како што е за мене, а тоа е љубовта кон Македонија. На тие што падналe за Македонија, зборувам после 1990 година, посебно на оние што загинале за служба на државата, треба да им се обезбеди достојно место во историјата. Таа е логиката на нештата, барем таму каде што се прави држава, која што ја градиш и сакаш да ти остане. Предлагам, на несреќно загинатите полицајци да им се подигне споменик, кој што сигурно нема да ја намали болката на нивните семејства, но и на нивните семејства, а и на сите останати во оваа држава, а можам да кажам и на разните бело светски мисионери, кои што доаѓаат тука да ни понудат свои рецепти, ќе им го покаже односот на оваа држава кон оние кои што загинале во рамките на својата должност за неа, затоа што сметам дека напад врз полицаец е напад на држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Филип Петровски за учество во расправата.

Г-динот Исмет Рамадани има реплика.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-динот Петровски полемизираше со некои мои тези, односно некои мои информации.

Прво, уште еднаш повторувам колеги, дека еден од нај одговорните како пратеници во споредба со пратениците правам споредба, јас сум за целиот овој трагичен случај, да го кажам и моето мислење и моите информации и сето тоа што го кажав, затоа што потекнувам од таму и ги имам гласовите на таа изборна единица.

Второ, сите мои настапи, сите мои изјави, кажав и јавно тука во ниеден момент не се поставив како опозиционер да го искористам тој момент, односно тој трагичен настан и да направам нешто што не ми доликува како пратеник. Напротив, сите тие тонови беа смирувачки, затоа што да бев јас подбуцнувач каков што е Филип Петровски и како што е познат како таков, веројатно ситуацијата ќе имаше друг тек, односно смер.

Трето, уште еднаш сите мои активности и сите мои средби со претставници, дали се тоа од амбасади, дали се од ОБСЕ, мислам дека како пратеник тоа право не може да ми го земе никој. Јас кажувам тоа што е, тоа што е вистина, а најдобрата вистина е таа вистина

што доаѓа од пратеник и тие се од таа изборна единица, се разбира и тие се нај изворни информации. Точно е тоа дека таа верзија, јас не велам дека верзијата беше од МВР, или од некоја институција, а верзијата беше од некои коментари, а и некои изјави од лидери од некои партии кои сакаат да прејудицираат дека сторители на тој инцидент, односно на тој криминален акт се арачиновци.

И ден денес, сфатете ме, дека не можеме ние да прејудицираме дека се тие од Арачиново, затоа што ниту по име, ниту по презиме тука немаме во Информацијата дека се тие сторители, а и министерката кажа дека ќе одлучува се разбира тоа што е суд, тоа што е истрага, понатаму дека се од Арачиново.

Така што мислам дека сите овие пораки од г-динот Петровски не држат, затоа што сето тоа што го кажав и на оваа говорница, го кажав тоа што е една вистина, а таа вистина е моја, затоа што се базира на факти, затоа и така настапив.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Исмет Рамадани за репликата.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Ја знаете ли народната поговорка г-дине Рамадани. "Какво бачило, такво сирење". Си давам за право да ја кажам, затоа што вие изнесовте лични навреди.

Меѓу тоа, нема да навлегувам повеќе во дискусија, само ќе кажам уште една работа. Мислам дека бев јасен, не знам дали бевте тука да ме слушнете. Кога зборував за Арачиново како синоним, не мислев дека и не пријудицирав дека некој од Арачиново тоа го направил, не тврдев дека некој излегол од куќа па ги пресретнал полицајциве, туку едноставно зборував за еден синоним кој што се одомаќинува во македонскиот јазик за место кое што, односно за област во која што можеби има шверц на дрога, на оружје, на не знам што. И она што го кажав во дискусијата, сега уште еднаш ќе го потенцирам, треба да видиме кога е настанато, од кога се зборува дека е такво местото, колку и кога имало полиција, какви случаи се регистрирани во една таква зона и реков дека во Македонија нема едно Арачиново, повеќе Арачиново има. Во нај позитивната смисла на зборот се обидов да дискутирам, меѓутоа ако сакате ќе реплицираме повторно на таа тема.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Исмет Рамадани има реплика.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Обидот дека не мислев така за Арачиново, мислам дека г-динот Петровски го кажа. Го кажа тоа што го кажа "какво бачило, такво сирење".

Тоа значи дека, се што тој кажа за Арачиново го кажа со еден збор. И мислам дека начинот како и понатаму настапува, мислам дека за него можеби е така како тој што вели. Но, оваа јавност многу добро знае кој е Филип Петровски и кој е Исмет Рамадани. Така што да не се обиде, воопшто да не се обиде да даде такви квалификации, кои апсолутно не му одат, затоа што мислам дека јавноста добро ме познава и јавноста го дава тоа што веројатно и како мислење и на тоа ќе останеме. Нека си остане тој Петровски, јас останувам и понатаму Рамадани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-да пратеници, јас кој знае по кој пат ви обрнувам внимание дека најдобро е да не се спомнувате еден со друг во расправата. Најдобро е да зборувате за предметот на расправата, а не да одиме во лични расправии. Кои сте, што сме и какви сме, не процениле и не треба што да се докажуваме овде. Тоа е многу лошо. Тоа е едно.

Второ, да внимаваме сепак, Арачиново е големо населено место, има многу чесни граѓани и да не го поистоветуваме како синоним, бидејќи ќе се најдат многу граѓани навредени и тоа не треба да го правиме.

Ние имаме нешто сосема друго за расправа и да не ја влечеме расправата на друго место. На тие граѓани ќе треба да им се извиниме навистина ако премногу овде ги спомнуваме. Ние имаме конкретен случај и за конкретен случај расправаме. Утре можеби ќе расправаме за друг конкретен случај, кој што е на некое друго место, а не значи дека целото место ни се наоѓа и ќе го ставиме под сомневање овде од овие говорници. Внимавајте, се работи конкретно за една Информација, околу неа да расправаме меѓу себе да не се расправаме. Тоа би било многу лошо и што е можно помалку да се спомнуваме. Тоа како укажување.

Г-дине Петровски имате право на уште една реплика.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Морам да кажам дека без разлика колку се трудев да го разберам пратеникот, не го разбрав што сакаше да ми каже. Меѓутоа, ќе дискутирам само кратко за она "какво бачило такво сирење", не мислев јас

на луѓето од Арачиново, мислев на него кога ја кажав таа поговорка. Па сега ќе му кажам уште една "кој си ја има мувата на капата и вика иш".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не е ова веќе предмет на расправа.

Да прекинеме со расправата г-дине Рамадани. Уште еднаш имате право на реплика.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Прво, јас ќе ти се обратам, дечко, немаш ни ниво и не си дораснат со мене понатаму да полемизираш. Немаш ниво.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Г-дине Рамадани, мислам тоа за нивото нема да ви реплицирам.

Меѓутоа со тоа што го зборувате, само вие си го покажувате вашето ниво.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, од Владата, бидејќи немаме претставник, немаме кому да му се обратиме и покрај тоа што г-динот бивш пратеник е тука, меѓутоа не го гледам дека по оваа значајна информација, многу сериозна немаме претставници на Владата. Не само тој што стои на чело на таа Влада, туку и другите и ресорниот министер.

Јас можеби ќе бидам малку подолг, но сепак бидете сигурни дека две варијанти имаме на Информација за која треба да расправаме. Едната која ни беше доставена пред неколку дена и сите по неа на некој начин се спремавме и за дискусија.

И втората варијанта што вчера г-ѓицата министер Доста Димовска ни одржа една мала заповед, една мала лекција дека никој нема право од овој злостор да ќари или пак да го употребува за политички маркетинг. Таа сигурно некаде ме следи, но ќе и кажам. Ако некој сакал да ќари, бидејќи секогаш вакви случувања и злосторства ни се појавуваат од време на време, дали и од овој настан некој не сака да профитира. Ако последните претседателски избори укажаа многу. Сега секако дека нечиј рејтинг е доста опаднат, а можеби со тоа нешто сака да го подигне. Сега се прашуваме, дали нејзиниот говор не беше дел од таа маркетиншка политика, што секако чиј претставник е таа сака секако и да придобие.

Исто така, еден дел од нејзиниот говор тука треба да го потенцирам. Ова не смее да се злоупотребува за меѓунационалните тензии во РМ, бидејќи доста се експлоатираше дека тие се на ниво на она што сите ние го бараме. Но, пак случајно жртвите ги имаме, двајца Македонци и еден Турчин. Една комбинација што секогаш нарачателите, кога сакале да бидат убедливи една таква меѓу национална што се вели групација, која ќе биде жртва за да бидат убедливи пред јавноста дека еве, тој што на кого му е замрачен умот не бира средства и не бира кого и кон кого треба да пука, но не без некоја цел.

Г-да пратеници, со големо внимание ја проследивме информацијата за трикратното убиство до с. Арачиново и за активностите превземени од страна на МВР за расветлување на овој чин, што верувам не е оправдан за сите нас. Никој тој чин не може да го оправдува.

Информацијата за мене па и за пратеничката група на ПДП на која и јас и припаѓам е не целосна, крајно не објективна. Во неа, во Информацијата хронолошки е исцрпна заправо и во прв поглед би се рекло дека нема што многу да и се забележи заради не објективноста и вистинитоста на таа Информација што ни е дадена. Ова го велам сериозно, затоа што тука во изложената Информација немаме факти.

Меѓутоа, одредени формулации и делови од Информацијата предизвикуваат размислувања за низа нејаснотии. Таа е многу куса, повеќе во вид на отворени прашања, а би се задржал на одредени делови од приложената Информација.

Почетокот на Информацијата се однесува на поводот на акцијата на МВР - кражбата на 225 луксузни возила. И тоа е се во ред. Биле запрени само возилата "Голф" и "Опел Кадет", според кои критериуми во самата Информација не ни даваат. Збунува и изборот на локациите, тука мислам на Арачиново пред се, а тоа ќе го образложам во мојата дискусија. Ако веќе се имало сознанија дека тој терен е сомнителен, МВР има своја професионална методологија за испитувања на подрачјето и превземање на соодветни мерки.

Дали Арачиново е интересно само заради луксузните возила или заради некои други прашања? Во Информацијата тоа воопшто не ни се овозможува.

Второ, што паѓа во очи е Информацијата дека инспекторот Новковски

запрел возило заради контрола. Зарем тоа не е работа на униформираното лице, ако веќе се работи за проверка на идентитетот на возачите и на нивните сообраќајни и лични документи?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Во контекст на ова ме интересира со колкаво и какво искуство бил инспекторот Новковски, кој како што се наведува во информацијата бил и раководител на Пунктот, и тоа Арачиново. Зошто веќе ни е познато дека полицајците во униформа биле со мало искуство за ваков вид на операции и тоа за предодредена локација, Арачиново.

На страница 3-та од Информацијата се наведува дека се анкетирани жителите од непосредната близина на настанот. Дали од страна на оперативните лица во цивилка, или од припадници на специјалната единица се направени овие проверки до настанот и околу настанот. Пак прашувам, а госпоѓата Доста Димовска на овие прашања треба да одговори, а не неодговорна да биде пред јавноста и пред Парламентот, со некои од ракав извадени податоци.

На крајот од третата страница од Информацијата е наведено дека се издиференцирани неколку лица од Арачиново, кои го признале убиството, имиња во информацијата лицата од Арачиново воопшто не ни се пристапни. Дали тоа е Хасан, дали е тоа Хисен, дали тоа е Јанко, Петко, затоа што Арачиново е мешано население, за да на страница пет се говори за оперативно сознание дека едно лица за кого се сомнева, од Скопје е, еден од можните сторители на ова кривично дело, по што следи акцијата во Маврово и дека заедно со него и сопственикот на викендичката, а за кој исто така имаше сознание дека е инволвиран во настанот. Кој е сопственикот на викендичката? Кој е тој другиот приведен од викендичката од Маврово? Немаме има, немаме презиме, но за среќа имаме еден починат, Сабри Асани и другиот приведен е Муча Бајрами од с. Речане, општината Врутток Гостиварско.

Овие се наши сознанија. Специјалните единици на МВР на 17 јануари, а во соопштениeто на МВР објавено дека таа акција е изведена на 16 јануари 2000 година, специјалните единици ја имаат таа викендичка опколено, а напротив таа е изведена на 17 јануари 2000 година во 04,35 минути, влегле во викендичката и ги лишиле од слобода Муча Бајрами и Сабри Асани, а другите приведени јас не ги знам.

За Муча Бајрами и Сабри Асани имаме сознание од Алајдин Муслиу од Струга, со стан на ул. Вардар бр. 15 лк. бр. 118750 дека на критичниот ден и Сабри Асани и Муча Бајрами биле гости кај него во Струга и се задржале до 13 јануари 2000 година. Значи на критичниот ден за кој се сомневало тие во локацијата Арачиново и не биле. Оваа изјава е заверена кај нотар Афродита Билали од Струга. Тука е таа и јас мислам дека нема потреба да ви се покажува. Тоа е дел само од многуте нејасни објаснувања, кои навистина наметнуваат дилеми.

Како е можно во два наврати да се пука на тројцата припадници на Министерството за внатрешни работи, а инспекторот Новковски сосема неповреден да се извлече од пукотниците на осумте мина, кои излегле од колите и пукале во веќе загинатите полицајци. Среќа е голема што тој не бил застрелан. А дека не бил застрелан, јас имам свое мислење и после тоа ќе може да го образложам.

Трето, зошто веднаш е испратена специјална единица на МВР кога жителите на село Арачиново се согласиле да соработуваат во расветлувањето на случајот и кога жителите не пружиле никаков отпор? Прашувам.

Господа пратеници, во Арачиново живее мешано население од кое Албанците се во поголем дел. Тоа е точно, сите ние тоа го знаеме. Тоа е автохтоно население, тука родени и пораснати во Македонија, но има и Македонци исто така староседелци, автохтони. На овие жители во никој случај не им одговара, зборувам и за Македонците и за Албанците вакво манифестирање на сила, а особено во нивната непосредна локација, во нивниот влез во селото да се случи трикратното убиство. Тоа не го сакале ни Македонците ни Албанците, а ниту пак убиството на лицата кои си ја вршеле својата должност. Тоа најмалку овие граѓани го сакале. Се прашувам, дали зад сето ова не стои некакво сценарио за нарушување на меѓунационалните односи, се со цел да се одвлече вниманието од многу други зделки кои за нарачателите на ова гнасно убиство значи нешто повеќе. Планови и договори кои високите структури на власта се вмешани, не може никој друг да ме убеди дека високите структури на власта за тоа не знаат. Никој тука не може да ме убеди.

Конечно, ако се барало нешто поголемо од луксузните возила зошто надлежни биле инспекторите за моторни возила, а не за трговија со оружје, дрога и слично. Верувам дека на сите овие прашања ќе одговори министерката за внатрешни работи и покрај тоа што таа тука не е. Не е,

затоа што не сака тука да се поти. Не е, затоа што таа не сака да дознае дека е одговорна. Правиот полицаец да не е одговорен, или пак се работи за перфидно сценарио или дилетантско однесување на МВР на чие чело таа е, како резултат на партизација, наместо професионалност во тоа деликатно Министерство. И прашувам, кого всушност му оди во прилог порастот на меѓунационалните тензии. Албанците во никој случај иако можеби ДПА е заложник на оваа коалиција, но Албанците во никој случај тука во овој настан не се инволвирани. А за ДПА допрва ќе кажам за она што навистина дел од нивното членство, поштено членство треба да се црвени.

Класичен криминалец господа пратеници, како што е наведено во Информацијата, случаен како што е наведено во Информацијата, тоа не може да го изведе, на така високо ниво на професионализам. Никој тоа не може, ни еден лаик на тоа не може да верува. Секој криминалец е архитектура во себе. И случаен минувач, и случајно запрени возила и одеднаш да не е тоа курдисано однапред, да не е тоа изготвено од некои кујни, а за кои што сум убеден. Зошто одредени луѓе од полицијата кога се во прашање Албанците постапуваат како да станува збор за природни нивни непријатели, а не природни нивни комшии и природни нивни пријатели. Обратното.

Господа пратеници, не само во овој случај и во другите случаи родителите се газат пред децата. Се газат жените пред своите мажи и т.н., куќите во сите каде што е изведен претресот се демолирани. Не станува збор само за мебелот господа, туку и белата техника, апарати, со еден збор целата покуќнина, туку на мета се и фасадите каде што господата вршат хајки. И тоа, со невиден вандализам.

Ова органите за внатрешни работи кога го прават секогаш им се познати делата до сега извршени по претресите на Албанците. Како секогаш, како дежурни кривци. Сме имале досега убиства, Македонец извршил убиство на полицаец, кај македонските куќи таков вандализам не е направен, да се понижи жената, да се понижи мажот, да се понижат децата, да се понижи целото семејство.

Зошто специјалците кои се директно под команда на министерката Доста Димовска секогаш се со црни маски врз лицето, конкретно за овој случај, а имало случаи секогаш во другите прилики со црни маски. Господа, црните маски се ставаат да не бидат приметени ако нешто пречекоруваат. Да не се открие. Кој не сака да не биде откриен? Тој што е чесен и чесно го изведува претресот, или пак тој што сака да покаже дека е некој во вид на оние вестерн филмови, што ги гледаме од запад. Со црни маски господо, црно ни се пишува.

Во критичниот момент, покрај Сабри Асани кој не бил тука, бил во Струга, исто и приведениот Муча Бајрами, кој исто така не бил во Арачиново и тој бил во Струга. Споменатите јас лично не ги познавам, тие можеби се како што се пишува во Информацијата склони на криминалните убиства, во овој случај и за ова што се теретат господа, тие не се криви. Можеби се, оргинални криминалци, затоа што не ги познавам луѓето, во Информацијата пишува дека тие се склони на криминални дејствија, но во овој случај тие воопшто не се инволвирани. Кој е тој очевидец на настанот освен инспекторот Горан. Каде е инспекторот Горан, прашувам. Да не е случајно награден или унапреден во чин, затоа што често пати во такви "успешни" акции во генерали ги праќате Вие. Таков е обичајот кај македонската полиција по наводно извршените успешни акции на Бит Пазар, Радолиште, Тетово, Мала Речица, Гостивар, Балчиште, Дебреше, Гостиварско, Кичево. Одговорните полицајци кои биле инволвирани по успешните акции биле унапредувани во повисоки функции и поголеми чинови. Последниот генерал е повикан во настаните што беа во Гостивар на 9 јули 1997 година и истиот им рекол на тие што го следеле настанот преку монитор, господа дојдете да видете како се гази шиптар - Александар Дончев. И по наводна успешна акција тој денеска е генерал во редовите на МВР. Дрзнат сум да кажам за вистината, но не и со опашка свилена.

Имавте примери каде што е Македонец убиец на полицајци. На ваков начин не се интервенирало. Имавме извршен атентат против претседателот Глигоров во центарот на градот и тоа во центарот на Скопје, не се влезе во зградите. Не се демолираше мебелот и станот...

(Госпоѓицата Божиновска реагира од место. Не, не е точно).

Извини, запиши, па после реплицирај.

Зошто се наметнува прашањето? Затоа што, населението што живее таму се сите Македонци. Во с. Арачиново има мешано население Македонци и Албанци, а претресот се врши само кај Албанците. Настанот се случил на стреата на македонска куќа. Претпоставувам дека Македонецот кога би бил и извршител на

ова гнасно убиство е заштитен. Многу нешта до сега потврдени ми даваат за право така да мислам. Не е во ред. Зошто полицајците не вршат контрола како што треба да личи, бидејќи граѓаните од с. Арачиново барале и соработка со полицијата. Тој што наредил, министерот Доста Димовска, претходно знаела дека убијците на тој гнасен чин не се од Арачиново. Таа знаела, туку Арачиново е позната локација, а уште повеќе контролираните семејства и познатите адреси. Преку 200 лица се приведени, сите Албанци. Обичниот, меѓу нив, Македонец, зошто? Убиството во с. Арачиново е извршено од високо професионални лица. Обичниот криминалец тоа не може да го направи, реков и погоре, а тоа ќе го повторам уште неколку пати. Денес тоа го прават одделни етнички групации, кои божем речено ги прават за високите национални интереси, а високите национални интереси со такви монтирани процеси знам дека се запоставени. Тоа не е вистина. Со тоа сакаат вниманието на друга страна да го повлечат, со цел да го сокријат црниот транспорт, кражбите, односно нивното, еден пред мене тоа го рече – Шлеперо - патриотите.

За кратко време станавте голема архива господа парципиенти во власта со криминални досиеја. За кратко време станавте голема архива на Владата, на чие чело стои господинот Георгиевски. Се покраде, дури и хуманитарната помош наменета за семејствата кои згрижиле бегалци од Косово.

Господа, Вие Македонци за вас ова не се однесува, затоа што немавте ниту еден згрижен Албанец протеран од Косово. Тој тоа не го направил сам, туку со благослов на својот потпретседател и министер за труд и социјална политика г-динот Бедредин Ибраими. Тајфата е хетерогена по националниот состав, но многу сложена и упатена за криминални дејствија. Хуманитарната помош во целост е украдена, таа што требаше да се подели на албанските семејства. Имавме случај за време на претседателските избори да се делат пакетчиња од таа хуманитарна помош од партијата на власт, ДПА. Но, тоа во една друга прилика морам да го документирам, инаку не можам произволно да изнесувам.

Предлагам тие што ги држите притворени во занданите на Република Македонија да ги пуштите, затоа што тие не се криви. Тие не се виновни за случајот. Место нив треба да оди тој што го порачал тој гнасен чин, или тие што го монтираа овој процес. Чесно е сепак на оваа нечесна власт криминогената структура да каже дека е неспособна и да напушти.

Во МВР е формиран штаб кој непрекинато работи на истрагата. Овој штаб, колку што имаме сознанија е составен од сите структури на Министерството, кои по разни линии работат на истрагата. Во штабот се вклучени аналитичари од службите на јавната безбедност, униформисаната полиција и инспектори од соодветни служби. Сите тие активности ги координира министерот, а таа сака да се повлече дека одговорноста е само на тие петмина приведени или десетмина осомничени, а таа под ладовина мирно да го гледа целиот настан.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Од досегашната работа на овој Штаб, сериозни податоци за некој да биде обвинет нема, бидејќи индициите кои упатуваат на одделни случаи не ги дале очекуваните резултати. Зошто? Затоа што мислам Арачиново е монтиран процес.

Ова кога го велам дека Арачиново е монтиран процес, господа пратеници, немаме меѓу Албанците таков калибар на убиец. Таков калибар на убијци ги создава посебна државна институција. При случајот Арачиново не се направени никакви анализи за разјаснување на повеќе прашања, тргнувајќи од основата за еден ваков акт. Зошто се случи во Арачиново? Кој може да го направи, кој може да има мотив за овој чин и кои се нарачатели и слично.

Прва главна ориентација е по мое мислење дека го има направено структура од редот на МВР, поврзани со политичките структури на власта. Тука треба да се анализираат сите политички и криминални структури во овие редови. Политичките субјекти се за дестабилизација во државата, односно за друго поставување на Македонија. Одредени државни криминални структури преку ноќ се збогатија. Можеби дејствувањето на овие криминални структури лежи мотивот за овој монструозен чин. Мафијата цвета. Ниту еден мафијаш не е фатен, не е осудуван, пред никого тој не одговарал, ниту се потел пред судските органи. Тој како таков и денеска пред никого не полага сметки.

Втората ориентација, господа пратеници, е нашето опкружување со соседите. Бугарската ориентација и српскиот интерес, кој не е за потценување. Двата соседи, Бугарија и Србија се за намерно иницирање на судир меѓу Македонците и Албанците, затоа што

стабилна Македонија и стабилна држава ни на едниот ни на другиот не им одговараат. Овој интерес е изразен како наметнување на сознанието дека во вакви услови РМ, односно да им упатат на Македонците. Господо, вие не сте способни да водите држава ако не се инволвира бугарскиот, односно српскиот интерес во РМ. Како што сме веќе информирани, полицајците Кирил Петрушевски, Ацо Ангеловски и инспекторот Ерол Готак, беа свирепо убиени од истрели на автоматско оружје на влезот во Арачиново, на 11 јануари оваа година, околу 22,30 часот, додека инспекторот Горан ја преживеал трагедијата. На сите семејства починати, како и на Сабри Асани, четвртата жртва, примете го моето сочуство. Дали инспекторот Горан што ја преживеа трагедијата не е инструментализиран сведок на нештата по структурите на МВР, поврзани со политичките криминални структури во РМ. Или, инспекторот Горан да работи, претпоставувам, за бугарските, односно за српските интереси во РМ, кои исто така, се за дестабилизација на државата, секако, што е нивни интерес. Двете ориентации ми даваат повод да размислам дека Арачиново им одговара како повод и на едните и на другите. Зошто пак го потенцирам с. Арачиново за погодно место во очите на политичката полиција и воедно и за криминогени структури во државата. Сите нечесни работи политичката полиција, кога сакала да ја покрие својата политичка намера, своето криминално досие, убиства дури и со умисла, шверц со оружје, шверц со дрога, тоа ни е познато. Или, со се што не е дозволено од црниот транспорт, таа од ракавот, како скриен адут веднаш ја потегнува локацијата и дежурниот кривец, овој пат Арачиново, а со Арачиново Албанците.

Со тоа таа сакала да ги покрие своите слабости на функционирање на власта, да се издигне од одговорноста и заплаши не престано посебно Македонскиот народ, дека треба да молчи, кога еден просветен работник работи само за 8 марки дневно, да им се одвлече вниманието дека: "Пазете Македонци, Албанците штотуку не дигнале бунт против вас, молчете". Да, да. По ваше мислење господине, дежурните виновници се Албанците, а локацијата била предодредена Арачиново. Со неа се идентификуваат Албанци, а со нив сите нечесни и нечисти работи. Сакам да бидам демантиран ако не е тоа така. Јас викам "аферим".

Вака се изразувам и го потенцирам и го потегнувам ова прашање кое е посебно значајно за нас Албанците, кои во изминатиот период не само пет децениски, од тоа што бевме федерален дел на поранешна Југославија, туку и за оваа декада на плурализам и демократија најмногу го почувствуваме дејството на полицијата, на политичката полиција врз нашите плеќи, чија најважна работа и беше и е, и ќе и биде и во наредниот период да произведуваат непријатели од редот на албанската маса, националност, па потоа против нив ќе следуваат вистински хајки, политички судења, кривични казни и физички ликвидации. Какво е свирепото убиство на починатиот Сабри Асани во Маврово. Нели дава многу поводи?

Господа пратеници, една мала дигресија. Убиството со умисла е извршено во 1949 година во атарот на село Пирок. Убиството го извршила тогашната ОЗНА, орган за заштита на народот, така се викала. Убиството, заправо изведено против Манасие Мерџановски, членови на општинскиот тогашен комитет, Манасие Мерџановски од Вруток, Ади Баша од Гостивар - Албанец, Захарие, не му го знам презимето, од село Врапчиште и единствен преживеан во таа трагедија е Ади Абдули, родум од село Форино, каде бил роден и живеел до наскоро, во село Форино - Гостиварско. Тој после Адил Абдули ќе сведочи за многу нешта, како што му наложила тогашната ОЗНА, дека наводно убиството го имаа направено Бајрам од Добри Дол, Хавзи од Топлица и Хазир од село Теново. Теново е тетовско село. Ова што го реков погоре, ми дава за илустрација, двајца Македонци и еден Албанец, за да бидат органите на тогашната ОЗНА што поубедливи, пред јавноста за своите криминални дела, тие таква комбинација меѓу национална имаат направено, да има основа пред јавноста и населението дека криминалецот не бира ни нација, не бира ни вера, криминалецот си е криминалец, за што и јас се согласувам. Меѓутоа, не режирани и инструментализирани криминалци. Потоа, за овој настан, следуваа вистински полициски хајки во село Градец, во село Пирок, во село Сенокосе, во с. Неготино, во с. Теново, во с. Добри Дол, Ѓурѓевиште, Ломница, Калиште и други. Луѓето што беа фатени, инволвирани, како дека по пријателска основа, тој врзан со овој, третиот со тој. Во Градец се стрелани браќата Неби и Адем Шабани, стрелан е Хавзи од Теново, од Топлица, Биљал од Теново.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, излегувате надвор од темата.

Господине Харуни, ако сакате вратете се на темата.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Биџаил Рушити и ред други и ред други. Што е фактот за да се забележи. Семејството на Мемед Саликоко од с. Градец - 12 члена, биле депортирани во логорот Катланово. Од 12-те члена, ниту еден не е вратен, а меѓу нив и деца, меѓу нив и жени, меѓу нив и старци. Подоцна тоа на јавноста и е познато.

Дозволете, сакам да кажам хронологија. Арачинскиот процес е монтиран. Едниот вчера во дискусија го потегна Параќинскиот процес.

Господа, кога власта сака своите криминални траги да ги покрие, нејзе не и е доцна да седне на стол, да напише тужба дури и 167 страници. Господа, Геза Фркаш - официр на КОС на ЈНА, Милан Даљевиќ, генерал во ЈНА, позната личност, Јован Ботуровиќ, воен врховен обвинител.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, ќе ви го земам зборот.

Немојте да спомнувате личности.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Дека наводно, Азис Келмени ги убил војниците Сафет Утаковиќ, Срѓан Симиќ, Горан Бегиќ, Хасим Ѓенавомиќ, Андреја Пешев и други. Тука беше генералот од Третата армиска област Милан Гањац, кога 1991 година на оваа говорница и пред сите пратеници го покрена ова прашање дека Параќинскиот процес е монтиран.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, ќе ве молам, по трет пат ви кажувам дека ќе ви го одземам зборот. Вратете се на темата.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господа, не случајно секогаш ваква комбинација, се прави за одредени злостори, со која сакаат да се добие одреден ефект. Дали случајот во Арачиново, двајца Македонци и еден Турчин не личи на таа комбинација, да биде монтирана. Убиството на командирот Јордан Стојковски, 31 август 1997 година во село Дебреше.

Господа, ми дава за право да мислам вака, ова е мое мислење, од нехотица го има утепано свој колега. Јас му го знам и името, тој знае. Веднаш специјалните единици дошле на лице место. Човеков се пријавил, дека тоа го има сторено. Истрагата се води против двајца други албански граѓани Сали Резмати и Шкичим Алини. Овој последниот е уште во затвор, во Идризово, за сосема друго дело. Изрешетан од полициските куршуми. За среќа, останал жив. Сами Реџмати, кој беше осуден на доживотна робија. Тој денеска пред своите деца е во село Бицај - Кукс. Јас истиот ден, кога стана убиството на командирот Јордан Стојковски во с. Дебреше, бев заминат таму. Три дена потоа исто вака на говорница излегов и реков дека....

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, сослушајте ме само една минута.

Немојте да прејудицирате многу работи. Вие со ова прејудицирате една не пристрасност, односно пристрасност на судот во идната постапка.

Немојте ќе ве молам, правник сум, знам што значи тоа и не се навраќајте на историски и веќе пресудени работи. Не би требало тоа така да биде.

На темата, тезата ви е јасна, сметате дека е исконструирано и така натаму, па немојте сега да се задржувате на случаи, кои се завршени веќе. Навистина, тоа не би требало така да биде.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Ако некој ги чувствува на своите плеќи сите вакви монтирани и слични афери, тоа ние сме, тогаш дозволи тоа да го образложам.

Потоа, се сеќавате, хелихоптери, хајки, во Дебреште и не знам по темница, по бачила. Изрешетано овчарче, ни криво ни должно. За среќа останало и тоа живо. Кога сака полицијата да го крие своето криминално дејание, таа пред јавноста е многу сериозна, многу бучна за да и се поверува. А, јас би рекол ние сме сити до тука од полициските хајки. Сега не знам која друга ќе ви биде на ред. Инаку, за да се опстане во власта, власта мора да се потхранува со вакви и слични монтирани процеси.

Србите и Бугарите беа мајстори за вакви полициски афери. Вие од нив научивте многу. Како да се подготват и да бидат веродостојни монтажите и другите монтирани процеси. Само, сепак, меѓу Србија и Србите и Србите ги монтираа четниците меѓу Бугарија и Бугарите, ги монтираа комитите, овде ги монтира политичката врхушка.

И ден денес сме сведоци дека во Србија има слобода на апсолутна

демагогија. Овде имаме слобода на апсолутна државна управа. Таму имавме масовни гробишта, овде процеси и хајки на учената свирепост. Таму, тиранија на важните патриоти, овде тиранија на туѓински измеќари, дел на оние кои не се за автохтона политика.

Двата народа имате една совршена иста школа, една иста едукација, што, според мене, Кумровец била и ќе остане сурова едукација. Едните викаат - решавањето на меѓу етничките проблеми во Република Македонија се можни само политички и тоа да го прават преку медиумите и странските делегации, а во практика спонзоризираат рации во цели населби, како што беше Бит Пазар, Гостивар, Палчиште, хајки против мирните граѓани во Радолиште, Кичево, сега во Арачиново, Осломеј, Куманово и ред други.

Господа пратеници, ова е огромна пречка за воспоставување на трајната комуникација и доверба меѓу двата ентитета, меѓу Македонците и Албанците. Почитување, разбирање и толеранција, тоа е интересот на Република Македонија. Состојбата на меѓу етничка недоверба и недоразбирање, не е наш интерес, господа. Тоа е интерес само на нашите непријатели. Затоа што ако сакаме да живееме сложно, од такви влијанија и такви политики ние треба да се оградиме.

За Арачиново претходеа и многу други пишувања во дневните информативни весници. Затоа потенцирам зошто пак Арачиново и хајка против граѓаните на Арачиново. Јас мислам дека информативните куќи претендираат што повеќе да пишуваат лошо и да го прикажуваат карактерот и односот на Албанците во Република Македонија, па дури Арачиново, Гостивар, било каде да сме ние, дека сме "рак рана" за Македонија и за Македонците. Ќе потврдеа дека со нив секогаш правилно се однесуваат, па дури и да убиваат и да организираат полициски хајки и да го осудуваат сами и сите такви претпоставки пред јавноста и пред себе си да бидат оправдани.

Со оваа пропаганда македонските организми се обидуваат, за жал, и денеска, за да и обезбедат на себе си, пред јавноста лажен имиџ на еманципирана земја, на една европска земја, ултра цивилизирана земја, па дури и пионер - земја на економски, политички идеологии на третиот милениум. Често пати тоа да се експлоатира дека во Република Македонија, Албанците имаат повеќе права отколку што имаат другите националности во нашето опкружение.

Но, кога внимателниот човек ги чита и ги слуша тие своевидни заповеди и приказни насочени и против Албанците, таа вулгарна фразиологија, таа дива омраза спрема Албанците како народ, не можам да замислам дека меѓу националните односи во Република Македонија се во ред.

Да се зборува за добри етнички односи кои оваа коалициона Влада на Џафери, Георгиевски и Тупурковски, кои и за транспорт и за увоз ги употребуваат е обична фарса, навистина. Па, на трите коалициони партнери, на Џафери, на Георгиевски и на Циле за добри меѓу национални и етнички односи во Република Македонија. Нивен заповед е чиста демагогија. Тоа е чиста хипокризија. Господата гагаричаат секој ден во јавните медиуми и непрестано тоа им го пренесуваат, но на народот таквото гагаричање му е јасно.

Зошто молчат пред јавноста министрите на Љубчо Георгиевски и тоа Албанците министри? Зошто министрите Албанци прифатија една таква информација, не сериозна и крајно не објективна? Имавме и ние Информација за настаните во Гостивар. Четири пати таа беше враќана од нашите министри. И, се додека таа не ја доби вистинската формулација, не можеше да се постави пред Собранието и пратениците. Зошто молчи "Флака" и тој пулен - уредник за настаните во Арачиново? Многу бучен беше тој за многу настани за стабилноста и за многу нешта и тоа од време на време, како ќе му порачаат за билтенот, како треба да изгледа утре, од високо партиски функционери. Нам ни молчи уште еден друг потпретседател на Владата Бедредин Ибраими, молчи Доста Димовска ресорниот министер, а воедно молчи и министерот за правда Џевдет Насуфи и еден млад министер за информации, Вехби Беџети. Морам да ги спомнам. И, се поставува прашање зошто молчат? Молчат затоа што сакаат да бегаат од стварноста, така како што бега "ѓавол од темјан".

Вие молчите затоа што не можете да се соочите со јавноста, со правдата. Едноставно, првиот полицаец Доста Димовска, господата од ДПА на чело со Џафери и немаат конкретно што да кажат за овој монтиран процес. Тие се коалициони партнери. Полициската хајка во Арачиново е инструментализирана баш од овие структури, што јас ги наведов. Нема што да кажат. Со оваа Информација тие сакаат да доаѓаат до некој резултат, отом - потом, па макар и од џеб да го извадат. Тие сакаат

некого да изведат пред суд. И, во конкретниот случај, тој да не биде воопшто инволвиран во оваа афера.

Чесно ќе биде ако на јавноста и кажете дека не сте способни. Молчите, затоа што не сте способни тоа да го фокусирате, онаму каде што е нарачателот. Сите треба подеднакво да кажат и да не молчат зошто ни се случи Арачиново? Случајот, по месец дена, денеска, уште немаме име и презиме на убиецот, уште го немаме оружјето со кое е извршен тој гнасен чин, дека наводно Албанците се оние кои тоа го имаат направено. Немаме таков калибар на убиец, бидете сигурен.

Има ли одговор за смртта на младите полицајци и на четвртата жртва, Сабри Асани? Доста Димовска, има ли одговор на ова? Има ли началник, командир, старешина или функционер кој треба да одговара во оваа гарнитура на МВР? По секоја, по нив успешна акција, наместо да бидат изведени пред суд и да одговараат, тие се унапредувале на функции и во чинови. Дали ќе биде доволна оваа трагедија за да се воспостави во власта принципот на одговорност и оставка? Одговорност и оставка народот и ние сакаме да видиме, да се положи сметката, како што народот бара. Сите овие апсења кои можеби и немаат врска со убиството во Арачиново и во Маврово, се резултат на не координираните работи во Министерството за внатрешни работи. Исто така, едно нивно соопштение дека некоординирано работи штабот, некој во клин, некој во плоча и т.н.

Тука не може да не се одговори дека првиот полицаец да не е одговорен. Никој не може да ме убеди. Да не ве оптужам дека сте неспособни за многу нешта, тоа би било крајно не коректно од моја страна. Вие сте способни и добро некои работи ги координирате, тоа е само бизнисот, црниот транспорт што за вас и за вашите џебови носат брзи и големи профити. Со нелегалната трговија со нафта, со нелегалната трговија со цигари и со голем број на други незаконски бизниси што се врзани за вашите имиња, никој од нив не одговара пред јавноста. Никој не се потел пред судските органи или пред јавноста да каже - давам оставка, затоа што сум грешел и кога ќе се фати на дело.

Се поставува прашањето политичари, министри и други членови на Владата, со такво досие можат слободно да одат само низ Република Македонија. Тоа што го кажав малку подоцна за 8 ДМ дневница работат просветните работници, сакам тоа да го поврзам. Политичари, членови на Влада и министри одредени криминални структури во државниот врв тоа го прават затоа на 10 години station наназад сите тие што се зависници од Буџетот на таа мака се.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

(Од место). Кажете имиња господине Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Да, господине само мене и тебе, заправо мене од тебе не дели една голема рива.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Значи, ти говориш од искуство.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ти подоцна можеш да ми реплицираш.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Од искуство говориш.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Изгледа ти не внимаваш, изгледа треба да се напијам уште малку вода.

(Џагор во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам господине Харуни, ако може малку пократко.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Сакав да кажам дека политичари со такво досие само во Република Македонија можат слободно да шетаат. Само во Република Македонија, тоа го тврдам.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Кажи кои се.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ај, молим те, претседателе, дозволи да ...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас дозволувам, меѓутоа ќе ве молам, Вие господине Харуни имате збор, само ако може малку по концентрирано и пократко да биде.

Сепак, имам голема листа на луѓе, кои сакаат исто да дискутираат.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Никој не може да ме убеди дека власта е невина, а убиството на тројцата полицајци и на Сабри Асани е производ на мафијашките пресметки, што дава можност за широк спектар, зошто се убиени баш во Арачиново, кој ја контролира оваа мафија, што имаме сознанија дека подземјето и мафијата во Република Македонија, не сме во состојба да сознаеме кој ја држи, кој ги држи тие конци и таа мафија.

Со доаѓањето на власт по кој знае пат полицијата грубо ги крши своите овластувања, грубо ги прекршува, со што дефинитивно се покажа дека правната држава де факто во Македонија не функционира. Владата и ресорните министерства делуваат надвор од своите овластувања и дека Република Македонија се наоѓа на прагот на анархијата. И ние како имунитетни лица, не сме сигурни во своите домови. Имаме случаи на малтретирани пратеници и не знам изживувања од луѓе од улица, улична демократија.

Со полициската хајка во с. Арачиново јавноста е згрозена од малтретирањето на жени, деца и старци, како и апсење на невини луѓе без никакви причини и поводи. А, Доста Димовска и се обраќам, дали е позначаен, според неа, животот на луѓето, или е по секоја цена зачувување на политичката функција.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Ваквите методи и постапки на актуелната власт во ништо не се разликуваат од методот на било која диктаторска власт. Со злоупотреба на власта и влез во куќи беше повреден Уставот на Република Македонија. Власта во Арачиново израмнува политички сметки. Човечкиот живот е над секоја политичка заповед, господа нарачатели на ова гнасно убиство.

На јавноста треба конечно да и се одговори, зошто баш Арачиново и се случи. Оваа информација што ни е доставена е ништавна. Министерството за внатрешни работи мора да излезе во јавноста и тоа со докажан материјал за истрагата, не само за тоа што го бараме ние како пратеници на пратеничката група на ПДП, тоа го бара и јавноста и самите граѓани во Арачиново. И зошто ни се случи и Арачиново, и во Маврово, туку пред се тоа треба да излезе со факти и аргументирано пред македонската јавност.

Во Арачиново полициската хајка потврди дека државните репресивни органи, контролниот механизам го имаат разјадено од внатре, дека хиерархијата во овој ресор не функционира, дека организираниот криминал преку партиите и нивните елити зема се поголем замав. Ќе биде ли друго населено место со Албанци на ред за вакви и слични хајки? Ова е потребно за знаење за Македонија, како што и се претставува не од нас туку од оние кужини дека ќе заврши онака како што живее и тоа од својата мафија, од своите шверцери, од малверзациите од убиствата на невини луѓе со караници и неоткриени злосторници, како што е тоа и северниот сосед.

На Македонија и се заканува бришење од географскиот простор не од Албанците и оние чесни Македонци. Дел од македонските интелектуалци и натаму го негуваат својот поданички менталитет и тоа овие два соседи што ги спомнав погоре. Политичките лидери ги гледаат тесно партиските интереси, не способни да го препознаат интересот на сопствениот народ.

За тоа и е потребно колективно и духовно будење и на едните и на другите ако сакаат да опстанат.

Случајот Арачиново е монтиран процес и тоа од тајната српска полиција и од тајната бугарска полиција. Не возможно е да биде на страна и македонската тајна полиција од овој настан. Фото роботот е направен по исказот на инспекторот Горан, кој ја преживеал трагедијата. Во Информацијата стои дека тој препознал некого од Арачиново, дека наводно препознавал некои од Арачиново, затоа што лесно е да се каже на која страна тие бегаа и да молчи, секако. Зошто? Затоа што тој нема господа што да каже. Албанците кои евентуално можат да го признаат убиството, јас лично не можам да бидам убеден дека тие се продолжена рака на овие тајни полиции, за да ги покријат нивните криминални досиеја. Ќе се најде некој Албанец кој тоа ќе го признае, но во спрега со тајната полиција на Република Македонија.

Што е целта на овој феномен Арачиново? Без оглед која групација тоа го сторила, но се поставува едно прашање. Кој од овој и вакви слични монтирани процеси сака да ќари повеќе и која е задницата на овој злостор? Сигурно четирите загинати лица, заедно со Сабри Асани, се најмалку виновни. Тие мирно лежат во земјата. Доколку е целта дестабилизација на Република Македонија, а мислам дека е тоа, тогаш тоа треба да се бара надвор од албанската популација, а за ова ќе наведам и факти.

Се наметнува прашањето зошто надвор, дека се Албанците извршители на ова гнасно убиство. Моментално Албанците во Република Македонија се многу повеќе заинтересирани за стабилна Македонија, отколку поединци Македонци во Република Македонија. Токму поради себе си се за стабилна Македонија Албанците. Стабилен Балкан и чување на целовитоста на Република Македонија, ако некому му одговара, тоа се Албанците. Зошто? Затоа што евентуалната дестабилизација на

Република Македонија во голема мера ќе се одрази првенствено на штета на Албанците, како денес така и во иднина.

Затоа, земам храброст да ги исклучам Албанците дека се инволвирани во овој гнасен чин. За дестабилизација на Македонија се токму тие сили на кои постоењето на Република Македонија им пречи. Албанците, стабилна Македонија како рамноправна држава за сите нејзини граѓани ја гледаат како фактор за рамнотежа на Балканот, како евентуален модел за демократска и мултиетничка Македонија, мултиетничка заедница Македонија. Токму заради ова Албанците не се за поделба на Република Македонија, но тоа е или про српска или про бугарска работа, секако со инволвирање на тајната полиција на Република Македонија.

Еден од отворените проблеми кој е причина за многуте недоразбирања меѓу Албанците и Македонците е и фактот, што по мое мислење во македонската политика недостасува, односно нема заокружување, нема заокружена стратегија за албанското прашање воопшто, а одделно за Албанците во Република Македонија. Недостасува приод што ќе тргне од тековните и долгорочните интереси на Македонскиот народ и на Албанците во Република Македонија. Тие интереси на Македонскиот народ, како автохтон и нација и на македонската држава како мултиетничка заедница, им одговара и на едните и на другите. Сигурен сум дека судбината на Македонскиот народ била слична како и судбината на Албанскиот народ, гонета, не признаена, присвоена, разнебитена. Прашувам која друга земја и кој друг народ бил распарчен на Балканот освен овие два народи.

Затоа, Македонскиот народ и македонскиот поглед кон албанското прашање не може да биде насочен кон таквите деградирања, кои својата среќа ќе ја бараат во несреќата на другите, конкретно на Албанците.

Затоа, ова што денес рефлектира македонската политика врз Албанците во Република Македонија, тоа е преседан од оние политички сили кои на Македонија и Македонскиот народ му мислат лошо како и на нас Албанците. И едните и другите мислат да ги деградираат двата народа. Тука се и корените на обвинувањата на Албанците за божемна Голема Албанија, а со тоа Албанците и Република Албанија како постојана причина за обвинување, како фактор кој ја дестабилизира Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, ако може да привршувате.

Постојано правите излети надвор од темата, ќе ве молам, уште тоа прочитајте го и кажете.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Стрпете се уште малку. Убеден сум дека на автохтон интерес македонски заснована политика, Албанците нема да се плашат од стабилни состојби во просторите каде живеат, туку напротив, додека Република Македонија ќе се залага за стабилна Албанија, за самостојно Косово и за рамноправност на Албанците во Република Македонија, а тоа ќе биде силен залог пред се за стабилност и просперитет на Македонија, а и за мир и стабилност на регионот, што е витален интерес и на Македонскиот народ и на Албанците и на сите жители на Република Македонија.

Еден голем дел од дестабилизаторски извори се наоѓа и во организираниот криминал, поддржан и од некои државни органи. Непобитен е фактот дека во сферата на акцизите, на царинските, на даночните обврзници во извозните процедури, како и во сферата на приватизацијата на општествениот имот, се случуваат големи малверзации на законот. Народот за ова нема шанса да собира аргументи, но вчудоневидени се од појавата на преку ноќно збогатување на поединци и тоа главно луѓе во или поврзани со државни органи.

Се по забележителни се појавите на поделба на интересите на партиите на власт, во однос на олеснувањата и не законските привилегии при увозот и извозот на стоките во државата. Така на пример, се зборува дека се поделени улогите во увозот на нафта и нафтени деривати, градежните материјали, прехранбени производи, јужно овошје, цигари, алкохолни пијалоци и друго.

Се зборува за тоа дека монополот за извоз на цигари и јужно овошје за Косово од извозници Албанци, го има раководството на ДПА. Поконкретно, товарно возило со вакви производи за да ја мине границата, на познати луѓе функционери на оваа партија, треба да им плати скап данок или скапа такса. Царинските органи без дозвола на Џафери и Тачи нема да ги пуштат. Дури има и вакви апсурдни извозници, кои не сакаат да ја плаќаат оваа такса за Косово, одат преку Албанија, велат дека ова патешествие...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, не ме принудувајте да ви го одземам зборот, навистина приврšете ја расправата во рамките на...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Еве сега.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, сега, не сакам колку имате напишано, но дајте малку придржете се навистина, многу голема толеранција покажуваме.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Дури има и вакви апсурдни извозници кои не сакаат да ја плаќаат оваа такса, на Косово одат преку Албанија, велат дека ова патешествие им чини помалку, отколку данокот на тандемот Тачи - Џафери. Во сите овие далавери длабоко ги има вмешано прстите г. Драган Даравелски, директорот на Царинската управа на Република Македонија, се разбира не без голем сопствен интерес, бидејќи овој проблем го сметам како анти државен, како процес на криминализација на општеството, како процес кој раѓа и создава конфликти и конфликтни состојби меѓу поединци и групи, меѓу партии и меѓу ентитети, кој ни породи и ќе ни пораѓаат многу убиства и монтирани процеси, кои имаат за цел и камуфлирање на овие криминални дејствија, што можеби ќе се потврди и во случајот Арачиново.

Ние како Собрание, сме должни што поскоро да го донесеме законот против криминалот и корупцијата, да ги мобилизираме институциите и јавното мислење за нивно натамошно дејствување и преземање законски мерки против сите оние, кои бие вмешани во овие криминални дејанија, не запоставувајќи го и процесот во Арачиново.

Партијата за демократски просперитет има поднесено свои заклучоци, кој јас лично ги поддржувам. Но изненаден сум како може да прифати ваков извештај од Комисијата за внатрешна политика и одбрана и да го стави својот потпис Билал Љутфии, под текстот на овие заклучоци, кои само пред неколку месеци се огласи од оваа говорница – "ако затреба, јас сум војник на ОВК". Ама изгледа се исплашил од заканите на неговиот министер за одбрана Никола Кљусев, кој јавно рече дека сите ќе ги апси тие што би биле инволвирани во ОВК. Или потписот е ставен во заклучоците под притисок на тандемот Доста Димовска - Тачи, овој последниов ваш кадровик и многу близок на г-ѓата министер Доста Димовска.

Благодарам што бевте внимателни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Сејфедин Харуни, навистина за исцрпувачкото излагање.

Процедурално се јави за збор, во името на пратеничката група на ДПА, г. пратеник Билал Љутфии.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас се извинувам, хронологијата на настаните требаше овде добро да се елаборира.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г. Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине претседател, дами и господа колеги пратеници, бидете убедени дека од мене нема да слушнете толку долга дискусија, наивна, еклестистичка, софистичка, бидејќи вие знаете дека јас немам толку пракса колку г. Харуни.

Прво, во името на пратеничката група на ДПА, овде сакав да свртам внимание на таквите еклетичари, претседавачот на Собранието да им сврти внимание, бидејќи 5% тој зборуваше за информацијата што е на дневен ред, а 95% тоа се негови потреби чисто за политички маркетинг.

Дозволете, во името на пратеничката група на ДПА да протестирам против обидот на г. Харуни, кој се обидува овде и пред нас и пред јавноста да го омаловажи ликот на Албанскиот народ во Република Македонија, ликот на албанскато гласачко тело. Така го навредува битието на Албанскиот народ во Македонија, со тоа што рече дека пакетчиња биле поделени во Република Македонија, по повод претседателските избори. Сите ги знаеме причините зошто во претседателските избори повеќето Албанци од гласачкото тело во Македонија, се определува за сегашниот претседател на државата. Не сакам да навлегувам во тоа а нема цена што може да го купи албанското гласачко тело па и целото гласачко тело во Македонија, освен, може некој да ја купува сортата на Харуни и сличните.

Точно е тоа дека вашите министри во поранешната Влада ја вратиле таа фамозна информација од фамозната Анкетна комисија, дека тие министри давале согласност за да дејствува полицијата во Гостивар и не им одела во прилог таа информација.

Исто така, што се однесува до таа моја спремност, тогаш што сум рекол од

оваа говорница, ете, не се повлекувам за тоа што сум слаб, но од причина што во Косово има мажи, има храбри луѓе, сите ние овде и меѓународната јавност го видела тоа, но нешто друго сакам да кажам. Треба не само јас туку и многу други да се обучуваат и сортата како твојата, да ги бришат од површината на земјата, бидејќи ти и твојата сорта, секако дека му пречат и не се добро намерни во овие простори.

По душа знам дека не си таков површински ти го реков ова, но бидејќи имаш таква душа во грбот на тие фамилии што, според искажувањата на претседателот на Собранието, тие веќе се жалеле, а ако вчера се жалеле, денеска тие имаат морално право да дојдат овде во влезот на Собранието и да не ни дозволуваат воопшто да излегуваме од ова Собрание. А, повод за тоа дава вашата дискусија.

Од никого не се плашам, па ни од министрите, дотолку повеќе од министрите за кои што сум гласал. Нашите министри веќе се обидуваат и ние имаме доверба дека случајот до крај ќе го расветлат. Апсолутно како пратеник нема никогаш да поддржам анкетни комисии, анкетни групи, затоа што таа е сталинистичка пракса, а таква пракса пожелуваат сталинистите и нео марксистите.

Ние сите имаме право овде да дискутираме за Информацијата, оти на крајот на краиштата тоа го имаме и на дневен ред во принцип. Но, мора да се постави прашањето што се однесува до моралното право, дали има господинот Харуни морално право овде да ни држи лекции, па потоа да го поврзува настанот во село Арачиново, со настанот на 9 јуни во Гостивар во 1997 година, кога се знае кога неговиот син истиот ден бил мобилизиран во Гостивар, но тој никогаш ова не го кажал. Албанскиот народ во Македонија ова го знае. Затоа тој чувствува потреба да го употребува тој одбранбен механизам, но веќе не може да фрли песок во очи на Албанскиот народ во Македонија, оти доволно тој е зрел за да ги сфати некои работи, па и обидите на господинот Харуни.

Што се однесува до потписот во Комисијата, само заради јавноста, оти очигледно тој сака да манипулира со јавноста, вие знаете, господа пратеници, дека претседателот на Комисијата за внатрешна политика и одбрана сега веќе избран како министер за култура во Владата на Република Македонија, а според Деловникот во отсуство на претседателот на Комисијата, претседателот на Собранието ја свикува седницата, а вие тоа и го чувте овде. И случајно, по предлог на претседателот на Собранието сум раководел со таа седница и тука ништо нема лошо, а таа способност ја има секој член на Комисијата, ја имам и јас, сум раководел со таа и сум ставил потпис. А, мое лично право е да се изјаснувам за Информацијата, па и за настаните во Арачиново. Во таа Информација ништо посебно, освен Информацијата нема, оти на дневен ред на Комисијата за внатрешна политика беше Информацијата од Владата на Република Македонија, по повод на настаните во село Арачиново. А, за ова, јас сум се пријавил за дискусија, кога ќе ми дојде редот, повторно ќе се јавам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За реплика се јави господинот Чедо Кралевски.

Ако му дозволува Чедо Кралевски на господинот Флоровски, затоа што Чедо Кралевски се јави за реплика.

Ако е процедурално, повелете, само да нема расправа.

Повелете господине Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Протестот што сакам да го обелоденам, не знам колку ќе стигне до вистинските уши, во иднина сакам да ве замолам дека вакви мазохистички меанси, се извинувам сеанси, во иднина немојте да дозволувате. Одредени проблеми и фрустрации овде веќе ги трпиме саат ипол, исто така е не дозволиво.

Затоа, ве замолувам во иднина реагирајте правовремено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, исто процедурално господинот Китановски. Повелете.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Би го замолил претседателот на Собранието да внимава на уставните термини. Овде од претставникот на ДПА беше повеќе пати употребен зборот "Албански народ во Република Македонија", иако по нашиот Устав знаеме дека е напишано "Македонски народ и националности во Република Македонија". Како да во Парламентот веќе се промовира дво национална држава во Република Македонија.

Мислам дека треба да се внимава. Овие термини не се случајно употребени и бидејќи деловнички претседателот има право да укажува, доколку не се придржуваат пратениците до Деловникот и до Уставот на Република Македонија, да ги опомене.

Мислам дека оваа критика треба да се сфати најдобронамерно. Повеќе укажување, отколку критика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред е, мислам дека Уставот сите го знаеме, сме го прочитале и би требало да се држиме за него.

Што се однесува до укажувањето, процедуралното укажување на господинот пратеник Флоровски оставам, сепак, дека секој пратеник е една интегрална личност, личност која што внимава за кажаното, затоа што понекогаш можеби е мудроста нешто да се премолчи, отколку секогаш се да се каже.

И, тука ќе треба секој од нас да мери и да го мери својот збор како го кажува.

Во таа смисла бидете понекогаш мудри и премолчете, за да го кажете тоа што го сакате кога треба да го кажете.

Реплика побара господинот пратеник Чедомир Кралевски.

Но, процедурално побара збор господинот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние, еве втор ден расправаме овде по едно прашање, кое многу ја потресе целата македонска јавност, а богами ги подзамисли и некои наши пријатели надвор.

Вака како што ние расправаме, се разбира, го омаловажуваме целото тоа прашање и не помагаме тоа да се расчисти. А и начинот како тоа го расправаме. Не почнуваме навреме, звони, закажана е седница во 11 часот, се звони, седиме овде, чекаме и не се собираме. Предлагам денес да расправаме, додека можеме некаде до 7 или 8 часот навечер, а утре да завршиме. Нема смисла по ова прашање долго да ја држиме целата држава напната. Ако за нешто сме способни од ова да извлечеме како заклучок, да изведеме, а ако не, овој начин на кој расправаме, не е добар.

Предлагам непрестано денес да зборуваме некаде до 20 или 21 часот и утре да завршиме. Инаку, носиме штета.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Андов, не знам дали бевте вие на почетокот, ние задоцнивме со состанокот, покрај другото, затоа што имав консултација со координаторите на пратеничките групи и побарав, го побарав токму ова да се јават по двајца или тројца само од секоја пратеничка група, да дискутираме максимум до 10 минути, меѓутоа, како да го реков спротивното. Овде на екранот имам дупло повеќе пријавено и не знам кој колку ќе го искористи тоа право, затоа што, деловнички не можам да ве ограничувам во говорот, затоа што на почетокот не се договоривме на почетокот на точката да го ограничиме.

Јас само можам да апелирам до вас во овој момент така и да го прифатам вашиот апел во конкретниов случај. Но, дали некој ќе се придржува и ќе говори саат и половина или ќе говори десетина минути, тоа е веќе прашање на едно почитување и према другите, што сакаат да говорат и према јавноста. Велам, тоа е пак прашање на оценка на секој пратеник, како сакаат да говорат и према јавноста. Велам, тоа е пак прашање на оценка на секој пратеник. Во таа смисла сакав да кажам.

Повелете, вклучете го господинот Андов сака процедурално повторно да зборува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сосема точно затоа и овој предлог го давам, да станеме сериозни, да расправаме денес и да завршиме. Бидејќи утрово од 11 часот кога звонеше седев овде, бев на почетокот, го чув тоа ваше објаснување, но не помогна ништо.

Ако не помага, дајте да седиме и да завршиме со оваа работа. Денес до 20 или 21 часот и утре од 11 часот да завршиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас сум спремен се додека има доволно пратеници во салата седницата да тече. Па, ако треба и до полноќ нека тече, само ве молам меѓусебе да не се исцрпуваме и премногу да не реплицираме и да не им го одземаме зборот на другите.

За реплика се јави господинот Чедомир Кралевски. Повелете.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, господинот Харуни на неколку пати во својата дискусија го употреби изразот "никој не може да ме убеди", што јас лично го разбирам како доминантна карактеристика на неговиот карактер. А, инаку, неговиот обид да припише на одредени структури на власта криминално однесување, ме наведува на заклучок дека тој е извонредно лош аналитичар, оптоварен во своите анализи со сопствена етничка припадност, често пати тенденциозен и злонамерен и главно, залутан во сферата на фантазија и имагинација. И без изглед набргу да се ослободи од таквиот сопствено наметнат баласт. Инаку, изнесените небулозни хипотези, не заслужуваат никаков коментар.

Тезата за божем некаков монтиран процес, дискутантот ја влече од хронологија на постоење на некакви бивши режими и бивши држави што немаат врска со актуелната власт во Република Македонија, притоа заборавајќи дека тој е директен учесник во власта и тоа на место на позиција од 1990 година, се до ноември 1998 година, исто така, во една бивша власт.

Господине претседателе, нај учтиво ве молам во иднина да не толерирате дискусии со вакви ментални застранувања, што најблаго речено го рушат дигнитетот на оваа собраниска говорница, а таквото свое однесување го претвораат во обичај.

И, на крајот би кажал дека дискусијата на претходниот говорник е дискусија пар екселанс, што уште еднаш ја потврдува тезата од не рационалноста и бесмислата на оваа расправа, што Собраниево го претвора во квази иследен или квази правосуден орган, што може да предизвика реакции од нај различен вид. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот за учеството.

Исто, за реплика се јави и госпоѓицата Божиновска Валентина.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Господине претседателе, имам чувство дека се она што овој Законодавен дом на почетокот воопшто на ставаше на оваа точка за расправа во Собранието, се исплаши од тоа какви можни последици можеа да дојдат. Мислам дека по дискусијата на пратеникот од ПДП, на господинот Харуни, веќе не е исто. Дека тоа не е дискусија за која на ваков или онаков начин би требало да дискутираат пратениците од политичките партии. Зошто го велам ова? Бидејќи говорот на господинот Харуни значеше, да кажеме и нагрдување на една политичка опција од страна на неговата партија.

Затоа, барам јавно извинување, бидејќи беа донесени неколку заклучоци, кои македонската јавност ги слушна. Наеднаш целата дискусија се претвори во тоа дека имаме монтиран случај на село Арачиново. А, неколку пати, веројатно, 25 пати го спомна дека тоа е случај Арачиново. Ве молам, разговараме по Извештајот за убиените три лица, припадници на Министерството за внатрешни работи. Наеднаш господинот Харуни го повика Министерството, го повика министерот за внатрешни работи, се однесуваше како полициски иследник на тоа кој и како, всушност, тој и одговори на тоа кој го направил процесот и чие е самото монтирање. Навистина, мислам дека голема дамка става врз колективното скалило, назад врз колективната демократија во Македонија и дека правиме едно црно петно воопшто како Законодавен дом.

Барам апсолутно извинување или од него, или од неговата партија на спомнатите имиња дека тоа е монтиран процес на власта, дека е организиран криминал, особено, бидејќи, ќе го потсетам, да се организира криминал во една држава, потребно е време и простор. Дека, организиран криминал и случај Арачиново не може да се направи, во случај кога министерот за внатрешни работи е само неколку дена. Особено, затоа што мислам дека македонската јавност по неговото говорење може да види еден типичен егземплар на влошување на меѓу националните односи.

Значи, од сите дискусии во овие два дена, имаме само една работа, а тоа е дека господинот Харуни направи влошување на меѓу националните односи, овдека како пратеници во Парламентот.

И една друга работа. Постојано имаше спомнато два пункта, Македонци - Албанци. Ако нешто направи оваа власт, тоа секако е подобрување на меѓуетничките односи.

Затоа го молам господинот Харуни да го потсетам на една работа. Тоа е дека приведените лица, не е значајно во мигот дали се Албанци или Македонци. Приведените лица се значајни само од една единствена работа, да се откријат сторителите и чинителите на луѓето кои ги открија тројцата припадници на МВР. Наеднаш, врз овие три лица кои веќе се мртви вие направивте политичко кредо за вашата политичка партија господине Харуни. Затоа да ве потсетам само на еден мал инсерт од атентатот на екс претседателот господинот Глигоров, дека во периодот кога се случи атентатот, во општината Кисела Вода и во општината Ѓорче Петров, беа легитимирани лица од Македонскиот народ и тоа, морам искрено да ве известам, доскоро имаше пријавено лица, дека тоа биле од партијата ВМРО-ДПМНЕ.

Меѓутоа, тогаш од тоа никој не направи политички скандал. Затоа ве молам да не ги прејудицираме негативно работите. Се работи за една морална и етничка колективна одговорност кон тоа што се

случило како настан, а не да кажуваме дека тоа е случај од власта.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има реплика господинот Китановски.

Навистина не би требало да има реплика, бидејќи тој постави процедурално прашање.

Вие можете процедурално да го поставите прашањето ако сакате.

Инаку не може да има реплика на процедурално прашање.

Реплика може само на расправа.

Ако сакате да земете збор во расправата, после ќе ви дадам збор.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Во однос на тврдењата на пратеникот Китановски од СДСМ, кој се повикува на Уставот на РМ, по кој устав Албанците се третираат како национално малцинство и тоа е вистина и тврдењето на Китановски дека во ова Собрание не треба да се дозволува да се употребува терминот Албански народ. Се знае многу добро дека токму таа точка од Уставот на Република Македонија е многу оспорена, не само од Албанците туку и од многу други западно европски влади и токму таа точка од Уставот на Република Македонија е генератор за многу кризи и за многу нешта што се случуваат во Република Македонија.

Уставот како таков е донесен во времето на владеењето на СДСМ кое го имаше мнозинството на ова Собрание и е оспорен и не е гласан од ниедна албанска партија, ниеден албански пратеник и е политичка определба на сите Албанци да се дојде до сменување на овој член каде што Албанците се третираат како национално малцинство. Тоа е прво.

Второ, ние Албанците за самите себе сме секогаш народ и не можеме никогаш да бидеме националност, албанска националност, а за другите за господинот Китановски и другите можат да продолжат и да го употребуваат овој термин.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам господа пратеници да не навлегуваме во тоа какво е дејството на Уставот, каков Устав имаме, кој го признава и кој не го признава Уставот и т.н.

Уставот јасно укажува дека постои Македонски народ и националности во Република Македонија.

Додека овој Устав е во сила сите мораме да го почитуваме, особено ние да го почитуваме особено пратениците да го почитуваат, затоа што сите закони што ги носиме ги носиме врз основа на тој устав, а во една регуларна процедура ако се покрене прашањето за промена на Уставот, во тој случај можеме да разговараме и да видиме што може да се промени.

Според тоа, да не отвораме расправа по ова прашање. Постои тој акт, колку тие одредби мене ми се допаѓаат или на друг или трет, тоа е друго прашање.

Но, во оваа ситуација ние мораме овој акт да го почитуваме, инаку би си ја поткастриле гранката на која ние седиме и одлучуваме овде.

Но, тоа прашање го оставам настрана и ве молам процедурални прашања од ваков вид понатаму да нема.

Јас мислам да продолжиме со расправата.

Процедурално бара господинот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уставот кој сега е во сила е донесен на 17 ноември 1991 година во Собранието каде што беше најголема пратеничка група групата на ВМРО-ДПМНЕ со 37 пратеници, потоа групата на СДСМ со 31 пратеник, групата на сегашна Либерална партија, тогаш Сојуз на реформски сили, групата на ПДП имаше 23 пратеници и 5 пратеници беа од Социјалистичката партија.

Уставот ги обврзува сите пратеници и не можно некој овде да се повикува на истиот Устав, каде што бара да ги гарантира човековите права, а да не го признава другиот соседен член. Не расправаме сега ние за Уставот. Ако дојде на расправа Уставот, тогаш можеме да расправаме за Уставот. Сега тој Устав е во сила и пратениците треба да си го почитуваат Уставот.

Господине претседателе, добро е укажувањето на господинот Китановски и треба да се овозможи да се држиме сите до тоа што е уставна терминологија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Андов, јас мислам дека повторувањето на моето укажување од ваша страна не е продуктивно.

Има реплика господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас можам да реплицирам кратко, бидејќи гледам дека не ми се дава повеќе време да елаборирам многу нешта.

Јас сум им благодарам на овие адвокати од Куманово, што ја зема улогата

да ми одговорат место првиот полицаец Доста Димовска. Мене ми беше драго, меѓутоа, во својство на адвокат. Сега јас адвокат не сум.

Понатаму, еден господин исто така, кој ќе ме препознае во она што ќе го упатам. Тој ги спомна претседателските избори. Нај веројатно вака кажува, дека немавме избори во тој дел, каде што тој сака да реплицира, немавме. И така длабоко беше шпекулирано. Треба да се даде глас таму каде што ќе треба за нештата некој да се произнесе Република Косово, албанскиот јазик во Собранието на Република Македонија, признавање на Универзитетот во Тетово и многу, доста се експлоатираше за потпретседател на државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, немојте сега тргнете од едно и редите се по ред.

Дајте бидете поконструктивни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Па ми реплицираше тој мене.

Од сите овие барања и форсирања, го прашувам каде е тоа, кој досега се изјасни за Република Косово.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не е во прашање Република Косово.

Што сега во прашање Република Косово.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Кој досега признавал институционализиран Универзитетот во Тетово. Каде се тие. Каде е албанскиот јазик во употреба во Собранието. Сакам да подвлечам, ми зборува човек кој што има марксизам студирано, а исто време тој зборува за ... Истиот човек бил номенклатура во бившиот систем и никогаш не бил диференциран и сака едноставно за нечија сорта да зборува. Јас лично му реков дека потписот не би го ставил во онаа матична комисија, каде што тој тоа го има направено, не ми дозволува, затоа што од нив многу беше експлоатирано и многу нешта, поготово дека син ми бил мобилизиран и инволвиран во 9-јулските настани во Гостивар во 1997 година. За среќа негова а и моја, да го демантирам, не бил во земјава, било надвор детево, за среќа.

Меѓутоа, тој сака ако не друго да подвлече една црвена линија, која беше доста експлоатирана и што ние воопшто не ја гледаме каде е таа зацртана и до каде вакви монтирани процеси ќе толерираме. Јас не можам да реплицирам повеќе, не заради тоа што не знам што да им пренесам, туку гледам дека нема тука болни амбиции туку болни луѓе.

Јас во својата дискусија презентирав факти, име и презиме на луѓето, кој која гарнитура со шверцот ја контролира, 6 месеци дека ВМРО тоа го контролира, 3 месеци... и 3 месеци Тачи. Јас ги реков со име и презиме не ги реков тајно, не упатив адреса и дека Драган Даравелски директорот на Царинарница на Република Македонија, е длабоко влезе во тоа. Јас тоа го реков без мал негов интерес. И сега што?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни вие можете да го кажете...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Случајот Арачиново во овие два пункта го фокусирав и дека е извор на мафијата која не се контролира во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, тоа е ваше мислење. Завршено е со расправата.

Ќе ве молам, ако мислите да продолжиме со реплика врз реплика можеме да разговараме, само нема никаде да стигнеме.

Јас навистина ќе ја прекинам седницата, па да се договориме.

Процедурално господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас предлагам, господине претседателе, да ја прекинете вие денешната седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Како да ја прекинам кога некој бара да ја продолжиме.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Само да кажам зошто. Затоа што точката на дневен ред е расветлување на случајот на тројца убиени службени лица и истовремени граѓани на Република Македонија и плус уште еден, нели, во процедурата.

Меѓутоа, се плашам дека од оваа седница може да почине некој граѓанин на Република Македонија, бидејќи полно граѓани на Република Македонија се со слабо здравје, а слушајќи ваква седница, убеден сум дека страотно се возбудуваат, па да им помогнеме на овие луѓе да не бидат во искушение да им биде загрозен животот, бидејќи нивото на седницата навистина толку се спушти што, вие знаете вчера се нервира многу граѓани, а денеска од оваа расправа уште повеќе граѓани се нервираат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Конечно, да продолжиме, уште со расправата.

Господине Љутфии само кратко и немојте повторно да расправаме.

Имате право на реплика.

**БИЉАЛ ЉУТФИИ:**

Сакам да му кажам на господинот Харуни дека, многу се разликува марксизмот од филозофијата. Јас сум професор по филозофија, не по марксизам и не чувствувам потреба повеќе да реплицирам, затоа што не заслужува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Наталија Марковиќ - Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Почитуван господине претседателе, колеги пратеници, најнапред сакам да им изразам сочувство на семејствата на убиените припадници на Министерството за внатрешни работи, на својата должност и на починатиот Асани од мое лично име и од името на сите граѓани кои навистина со загриженост, подолго време ги коментираа настаните и изразија длабока жал и родителско сочувство.

На самиот почеток сакам да спомнам дека многу е не пријатно, не пристојно и не коректно на точката од дневен ред, расветлување на состојбите на немилиот настан во Арачиново да се расплинува дискусијата во делови во кои што се изразуваат националните емоции, во делови во кои што се спомнува Уставот на РМ, националностите.

И во името на Информацијата што претседателот на Собранието на самиот почеток на седницата ни ја пренесе, од граѓаните загрижени за текот на вчерашната седница, навистина требаше по коректно да застане на говорницата, во рамките на точката од дневниот ред, да го каже она што смета дека ќе придонесе во расветлувањето на случајот Арачиново, немилиот настан во Арачиново. Со тоа да се заложиме за не повторливост на вакви настани и за не повторливост на ставање на точка на дневен ред, која може да придонесе не само за политички маркетинг, туку да придонесе за изразување на други чувства, страсти и амбиции.

Во првата информација од Министерството за внатрешни работи ги видовме етапите, дејствијата и хронолошките настани во случајот Арачиново. Дополнително беше образложено од министерот за внатрешни работи уште за повеќе детали околу случајот, но во секој случај една не целосна информација, во која апсолутно не можеме да се повикаме на лоцирање на вина на било кој припадник на МВР, особено на оние кои работеле во расветлувањето на случајот и во доказната постапка.

Што значи во неколку дискусии провеаја одговорност на директорот на државната безбедност, одговорност на некој лица кои биле инволвирани во расветлувањето на случајот, а во Информацијата беше спомнато дека работеше оперативен штаб во МВР, формиран од пет припадници на Министерството.

Исто така, имаме информација дека во оперативниот штаб апсолутно не партиципираше директорот на Државната безбедност и контра разузнавање на дирекцијата, значи од не партиципирањето и од друга страна од таквата информација, апсолутноста и не можноста за лоцирање на вината кај било кој од учесниците во постапката.

Собранието и комисиите расправаа по Извештајот и по заклучоците од комисиите, кои не се во ингеренциите на тие тела кои што расправаат и ги даваат тие ставови и сугестии, во исто време и прејудицираат со тоа. Тоа е сето без причина до чекањето на епилогот на надлежните органи на јавниот обвинител и на судот, се разбира.

Ставот на Демократска алтернатива, во кој дух е и поднесен амандманот е да не се прејудицира со квалификацијата на дејствието, одредени тела на Собранието и поединци да не се ставаат во улога на обвинител, а во најмала рака ни во улога на судија или суд и со тоа на сите институции во системот, сепак да дозволиме да им се почитува самостојноста во работењето, затоа што поделбата на трите власти, на законодавна, извршна и судска, носи и свои ингеренции и овластувања и да им дозволиме на сите власти да работат сосема самостојно во својот дел од ингеренциите.

Амандманот кој што го предложивме се однесуваше на точката 2, ставот 2 од Заклучокот на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, која одржа седница во текот на седницата на Собранието и јас од оправдани причини не присуствував на неа.

Од тие причини би сакала сега сосема кратко да дадеме свое размислување околу заклучоците донесени на седницата на таа комисија. Имено, сакам да спомнам дека очекував оти Комисијата ќе донесе

заклучок и беше објективно да донесе, по разгледувањето на извештајот, но сепак очекував дека заклучокот ќе биде во една друга насока, дека тој нема да прејудицира и нема да насочува одредени надлежни органи кои што ќе работат на овој случај. Очекував дека ќе ја разгледува и ќе донесе заклучок за општата безбедносна состојба на РМ за преиспитувањето на овластувањата на полицијата, за законодавството и за функционирањето на правната држава. Значи во овој дел од работите од заклучокот не беше инкорпориран ниту еден став кој посочуваше на ингеренциите и на она што Комисијата требаше да го заклучи по разгледувањето на каквата, таква информација.

Во надлежност на Собранието е донесувањето на законите и јас апелирам ова Собрание понатаму да продолжи да работи повеќе на донесувањето на законите, исто така заложбите на почитувањето и спроведувањето на истите, со што ќе дојдеме до состојба на навистина на почитување и заложба, што е и заложба на Пратеничката група на ДА воопшто, функционирање и почитување на правната држава.

Значи, донесувањето на законите да го насочиме во сите сфери на нашето живеење и овие седници токму да се базираат на донесувањето на законите и донесените законски акти и овластувања да ги насочиме за да се создадат услови за одредени рамки, за овластувањата и за работењето на одредени институции во системот, со што потоа ќе може да се покрене и прашање за нивната одговорност.

Уште еднаш апелирам на крајот, да не преовладуваат националните емоции која никого, да не се гледа еднострано и тенденциозно на состојбата и воопшто дискусијата на дневниот ред. Сосема објективно да се заложиме и да бидеме едногласни во сузбивање на секој вид на криминал за озаконување на сите овластувања и ингеренции, а со тоа и за максимално почитување на правната држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на дискусијата на Наталија Марковиќ - Димова.

За збор се јави господинот пратеник Алиу Абдулаи.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани дами и господа пратеници, расправата за информацијата во врска со убиството на тројца припадници на МВР во село Арачиново доставена од Владата на Република Македонија се води барем за мене во една конструктивна атмосфера. И јас како и многу други дискутанти мислам дека информацијата што е доставена од Владата е нецелосна и нејасна. Како да не се работи аз еден настан со мошне големи последици како помеѓу националните односи, так аи по самата стабилност на Република Македонија. Информацијата иако не е судска пресуда, таа треба да е по аналитична и со повеќе докази за трагичниот настан во село Арачиново. За расветлување на случајот во село Арачиново постои потреба да се прибираат материјали за вистинските сторители за трикратното убиство на припадниците на МВР за чии млади животи и јас длабоко жалам. Информацијата треба да ги содржи и сите околности под кои починал Сабри Асани, граѓанин од село Арачиново, кој најмалку до утврдувањето на неговата вина со правосилна судска одлука ќе имаше статус на невин човек. Тоа му е гарантирано со член 13 од Уставот на РМ. Тој сега бидејќи не е жив, не може да ја докаже својата невиност, но ни судот не може да ја води кривичната постапка. И во овој случај е суспендиран членот 10 од Уставот на РМ каде пишува: животот на човекот е неприкосновен. Што значи за Сабри Асани ова сигурно не важи во овој момент Исто така во информацијата нема елементи од кои можат да се видат мотивите за убиството на тројца припадници на МВР, што е многу важно за денешната расправа. Мислам дека треба по конкретно да се разјаснат сите околности на насилните и не законските интервенции во село Арачиново, што доведоа до многу повреди на невините граѓани, како и до големи материјални штети. Во оваа интервенција имаше пречекорување и на овластувањата.

За тоа треба да се бара одговорност од припадниците на МВР, кои ги пречекориле овластувањата. Начинот како интервенира полицијата во етничките средини има голема важност за меѓунационалните односи во РМ. Самоволните постапки на поединци и пречекорување на службени овластувања за нашата Влада треба да се доволен сигнал да почне и со едуцирање на стручните раководни кадри во МВР, во согласност со меѓународните стандарди. Некои припадници на МВР постапуваат против етничките Албанци, со убедувањето дека станува збор за природен непријател.

Албанците брутално се претресуваат без некоја реална потреба и тоа во континуитет. Припадниците на МВР, должни се да се држат до одредбите на Уставот и законите. Интервенцијата на припадниците на МВР во една фаза пред истрагата треба да биде многу повнимателна, отколку што беше во село Арачиново. Бидејќи и кога се работи за обичен криминал како што тврди Владата во овој случај може да имаме и политички импликации, кога се знае националната припадност во село Арачиново од една страна и составот на припадниците на МВР од другата страна. Употребувањето на физичка сила против невините граѓани е многу контра продуктивна, а особено кога се работи за чист реваншизам. Ако еднаш дозволиме не казнето да се пречекорат законските рамки, прашање е само на време дека и на нас нема да ни се случи тоа, полицијата врз нас да ги пречекори своите овластувања, само затоа што припаѓаме на една или на друга припадност. Се поставува едно големо прашање, зошто граѓаните умираат во полициска станица, а власта во овие случаи нема храброст да ја признае реалноста и да не се служат со термините срцеви болести, или нешто слично.

Покрај законодавството на РМ ние сме должни да ги почитуваме и меѓународните документи, како што се: Универзална декларација за човековите права, Меѓународна конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација и бројните резолуции, во кои на парламентите и владите им се препорачуваат мерки за заштита на граѓаните. Европа бара коректност и отвореност за се што се случува кај нас. Потоа бара да имаме не само синхронизација на законодавството, но и законите да се применуваат по европските стандарди. Европската заедница внимателно ги набљудува меѓу националните односи во РМ. Овие односи се од големо значење за зачленување на нашата држава во Евроатланските структури. Европската заедница покрај друго има конкретна забелешка за полициската постапка, односно Советот на Европа, Комитетот за почитување на обврските и задолженијата на земјите членки. Има една привремена препорака во која се вели: "Полициските постапки мораат да бидат реформирани и кодифицирани".

Почитувањето на човековите права е особено важно прашање за Европската унија. Припадниците на МВР во сите случаи треба да бидат коректни, професионални и без омраза. Случајот во село Арачиново во јавноста се смета како еден случај, каде уште не се откриени вистинските сторители на трикратното убиство.

Да заклучам, ако Министерството за внатрешни работи не е способно да ги открие правовремено вистинските сторители на криминални акции, за која ја има поддршката на сите граѓани на Република Македонија, постои можност да станеме криминално општество и никој од нас нема да има сигурност во РМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, навистина немав намера да дискутирам за оваа точка, но после вчерашната седница, во текот на вчерашната седница и настапот на одреден број пратеници овде, посебно на пратениците Македонци со албанско потекло, кои што навистина дадоа страшно лошо квалификации на целиот овој случај, почувствував дека треба да го кажам ова што мислам да го кажам.

Најнапред оваа точка на дневен ред се постави, со тоа што ние како пратеници, избраници од народот сакаме да ја знаеме вистината за овој случај и народот навистина сака да ја знае вистината што се има случено во село Арачиново и ова трократно, грозоморно убиство да биде расветлено, што е можно во пократок рок. Но, очигледно дека голем број од нас пратениците ја промашивме темата, или намерата, барањето информација е со друга цел, не навистина да се открие, односно да се даде иницијатива и тежина на случајот, меѓутоа да се искористи во политички, дури и националистички побуди. Мислам дека извештајот исто како голем број од пратениците што искажаа, мислам дека не е детален и дека не е сеопфатен. Меѓутоа мислам дека е ред доколку не сме задоволни со извештајот, да поднесеме иницијатива, да побараме дополнителни информации со што МВР, односно Владата би не запознала. Но, не можам да оправдам настап на одреден број пратеници и не можам да прифатам за вистина дека станува збор за монтиран политички акт. Оваа квалификација беше дадена од г-динот Харуни. Дали г-динот Харуни мисли дека самата држава го монтираше убиството на овие тројца наши сограѓани. Станува збор за политички монтиран процес, односно злоупотреба на оваа седница од страна на истиот Харуни. Не можам да се согласам

дека, од г-динот Сабриу на вчерашната седница беше речено: "Еднаш годишно Албанците го јадат ќотекот од било која власт".

Зарем оваа власт ги уби овие наши сограѓани, па да станува збор за политички монтиран процес, па да станува збор за да бидат малтретирани и тепани Албанците, ќе убиеме тројца наши полицајци. Господа, ја поминавте линијата на добро однесување. Не можам да се согласам со тоа во искажувањето на г-динот Сабриу, дека се влегува во албански куќи, а не се влегува во македонски куќи. Недај боже овој случај ако се случеше во Пробиштип од каде што сум јас, сигурно дека полицијата ова ќе го правеше во македонски куќи, бидејќи етнички населението е чисто македонско. Значи, нај нормално полицијата обавувајќи си ја својата работа принудена е да врши одредени испитувања по нивни методи кои што сметаме дека се во нормалата.

Меѓутоа согласен сум доколку полицијата ги надминала овластувањата, исто така да одговара. Но, не можам да се согласам дека станува збор за политички монтиран процес и не можам да прифатам дискусии од нас пратениците, истите ние да разгоруваме меѓу национална нетрпеливост. Ние имаме друга цел.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Александар Флоровски има процедурална забелешка.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Претседателе, не знам дали забележувате, но мислам дека во салата нема кворум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ние ќе продолжиме со расправата, а кворумот ќе го преброиме после оваа дискусија.

Но, ако утврдиме дека нема кворум, тогаш ќе мораме да постапуваме деловнички.

Има збор пратеникот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседател, почитуван заменик министер, колеги пратеници, на почетокот да го изразам моето сочувство до семејствата на загинатите припадници на МВР и жалението за изгубениот живот на Асани. Според мене сметам дека е не примерно со трагичните судбини на сите загинати во овој настан да се занимава ова Собрание, туку да се најдат и осудат виновниците, затоа што на овој начин се врши непотребен политички притисок врз органите на прогонот и судовите со што доаѓа до мешање во надлежностите на обвинителството, истражните органи и судовите.

Г-динот Лазар Китановски д-р на науки, бивш министер за одбра на и еве сега во парламентот, член на Парламентот од опозицијата вели: криминалните структури од Косово после војната се прелеале во Република Македонија. Јас ќе речам, не г-дине Китановски, такви структури со Македонија владееја од 1992 до 1998 година, односно кога Вие бевте на власт. Затоа сега во Македонија вакви се работите. Тие не се случија преку ноќ. Политичкото поврзување на криминалот и власта беше типично во ваше време, во времето кога владееше СДСМ. Дури се имаше впечаток г-дине Китановски дека сте во брак од нај перверзен тип. Ако тоа Вие го создадовте со многу труд, цели шест години, мислам на вашето криминогено владеење, бидете сигурни г-дине дека најмалку 12 години се потребни за да им се исечат корените на метастазите кои вие ги оставивте.

Настанот во Арачиново како да сакаше многу претставници на опозицијата и медиумите блиски до неа да разоткријат, која им е целта и на чија страна ќе застанат доколку и навистина отпочне борба против организираниот криминал: наркоманијата и другите пороци на ова време промовирани како октопод од г-динот Бранко Црвенковски, тогашен премиер, а се уште лидер за среќа за нас на СДСМ. Со овој настан како да им се брка во око, кој знае, можеби сме на вистинскиот траг, па гледаат дека е блиску денот кога ќе мораат да ги положат сметките. Од петни жили се трудат и се уште сакаат да покажат како полицијата при водењето на увидот ги пречекорила овластувањата, со што сакаат да го отргнат вниманието од суштината.

Квалификациите за пречекорување на овластувањата беа давани без да се слушнат и двете страни, па дури и произволно. Не ми е јасно дали тоа го правеа од не знаење, или од инает спрема својата држава Македонија и својот народ. Само не би ли направиле нешто што ќе може да ги измести работите, а тие уште еднаш да профитираат. За политички профитери, дури и рекетари на оваа седница повеќе пратеници кажаа по некој збор.

Македонскиот граѓанин е мудар, вие тоа најдобро го почувствувавте и на вашите евтини маркетиншки трикови не наседнуваат, затоа што не е далеку времето

кога вие бевте на власт, а и овие вакви настани така да се каже беа секојдневие и да не даде Господ да се повтори Радовиш, Куклиш, Радолишта, Бит Пазар, Гостивар, случајот Мудинови. Јавноста е збунета, нормално, бидејќи 90% од медиумите се или на бившите властодршци во буквална смисла на зборот или дебело задолжени да ги бранат нивните ставови и интереси. Велат и од сегашната власт постои разочарување кај народот, кај македонскиот граѓанин со што се согласувам. Како нема да постои разочарување колеги пратеници, кога никој од октоподистите досега не се најде зад решетки.

Мислам се додека сегашната власт не направи тие да се најдат зад решетки, со право граѓаните на Македонија ќе ни бидат лути и секако при првата можна прилика за тој наш однос како власт ќе не казнат, а тоа може да ни се случи уште на локалните избори.

Затоа под итно ние како власт, мораме да се справиме со криминалците од секаков вид, не водејќи сметка за неговата боја, затоа што парите и криминалот немаат боја. Тоа македонскиот граѓанин од нас како коалиција на власт го очекува веќе една година и повеќе откако сме на власт. Во спротивно се повеќе ќе се потврдува она: "сите се исти". При расчистувањето со криминалците не треба да очекуваме тие да не пречекуваат со цвеќиња, затоа што на нивното буниште се најсилни. Сигурно дека ќе мора некаде да се поднесат дури и недај боже човечки жртви, меѓутоа за доброто на Македонија и граѓаните кои живеат во неа.

Слични настани во кои настрадаа припадници на полицијата во светот има без број. Најсвеж е оној кој се случи во нај европската земја Швајцарија, во Давос. Замислете, колеги пратеници Македонија да организираше некој таков собир и нешто такво да се случеше кај нас. Каков маркетинг ќе пробаше да направи опозицијата. Се согласувам дека треба да се води максимална грижа за луѓето кои ќе ги изведуваат ваквите акции. Тие треба да бидат на највисоко професионално ниво, но бидете сигурни дека криминалците никогаш нема доброволно без отпор да се предадат. Евтиниот маркетинг на опозицијата нормалниот човек секако нема да го прифати и бидете сигурни дека тоа дури и не е маркетинг, туку напротив.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Лазар Китановски има реплика.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Имаше неколку изјави од водечки луѓе на Владата, дека во Македонија постои организиран криминал. Значи Вие сами го кажавте тоа. Г-динот пратеник зборуваше за граѓаните што очекуваат, кој што направил, што направила нашата Влада, што направила оваа Влада.

Еве, сега ќе ви кажам што мислат граѓаните за вас и за нас. Во 1998 година има една изборна единица каде што ВМРО-ДПМНЕ доби 7500 гласови, а СДСМ 5000 гласови и ВМРО доби пратеник. Во 1990 година, зборувам за вториот круг во истата изборна единица, ВМРО-ДПМНЕ доби 2500 гласови, значи трипати помалку, а СДСМ 11 илјади гласови. Тоа е изборната единица број 68 на г-динот Лазаров, кој сега дискутираше. Еве, какво е мислењето на народот за нас и за вас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Илија Лазаров има реплика.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Произволно се изнесени податоците, нема врска со вистината, тоа не е така. Во нашата изборна единица резултатите беа изедначени.

Јас со 7 илјади гласови разлика го победив вашиот кандидат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Морам да признам дека, долго размислував дали да се откажам од дискусијата, затоа што мислам дека атмосферата навистина станува мачна и тегобна, дека се одалечивме многу од темата, дека со овие дискусии кои што навистина во нив можевме да чуеме се и сешто, не можеме да допринесеме воопшто кон расветлување на самиот случај, ниту кон насочување, правилно насочување во водењето на севкупната постапка на самиот случај.

Меѓутоа, сепак преовлада во мене моментот дека би сакал некои аспекти од целава оваа настаната ситуација да ги отворам, можеби малку од еден подруг агол.

Прво, на самиот почеток би сакал и лично да го искажам своето длабоко жалење за губитокот на животите на младите луѓе припадници на МВР, кои што совесно си ја вршеа својата работа и да го искажам своето длабоко сочувство со фамилиите, кои што ги изгубија своите најмили. Тоа се однесува исто и на жртвата Асани. Од каде би почнал?

Мислам дека една од нај симптоматичните работи кои што се појавија во овој случај, од аспект на разгледување на случајот во политичките структури, значи вклучувајќи го и Собранието, тоа е еден навистина индикативен момент и елемент.

Момент и елемент, а тоа е во самиот извештај на Комисијата за внатрешни работи и одбрана има такви квалификации и таков заклучок, кој што навистина не ни прилега како Собрание. Мислам дека, дури не може и да се изначудам да луѓе, колеги членови на овој Парламент, кои што седат тука и членуваат во оваа Комисија можат да дојдат воопшто на идеја да направат еден таков заклучок, каде што однапред се оквалификува и се прејудицира целиот случај. Мислам дека тоа е толку, толку далеку од нештата за кои сите се залагавме и се залагаме, а тоа е пред се почитување на правната држава на самостојноста на судските органи и на сите институции на системот. Значи, тоа е фрапантно. Таа фрапантност веројатно може да се прошири и со самата изјава на премиерот, затоа што и премиерот претходно даде една квалификација однапред, каде што случајот го прогласи за завршен. Мислам дека навистина се работи за нешто што влегува во доменот на нешто што е и политички познавања и политичка култура, познавања на политички систем и т.н.

Од друга страна имаме исто така залагања, дали е тоа од позицијата, дали е од некои други партии, каде што на исти таков начин би сакал повторно да се прејудицира со тоа што на целиот случај, за разлика од првата квалификација која што случајот го одредува чисто како криминален чин, се сака однапред да се залепи оценка, квалификација и заклучок дека се работи за политички случај. Значи, од друга страна повторно имаме обид за нешто што е прејудицирање, што е исто така толку далеку од правната држава.

Између овие две тврдење, између овие две апсолутно спротивставени гледања и тези, кои што очигледно служат за собирање на политички, партиски поени, се наоѓа несреќната правна држава, за која толку се залагаме сите.

Во тој правец, ние бевме иницијатори и јас бев иницијатор да го поднесеме овој амандман, во име на пратеничката група ДА, каде што сакаме и укажуваме дека Собранието не треба да прејудицира и сугерира ставови и заклучоци, кои се во ингеренција на судската власт и другите институции на правниот систем во Републиката. Значи, тоа е првата работа.

Сега, малку би одел понатаму, затоа што веќе сме соочени со Информацијата, која што беше побарана од Собранието, од пратениците за случајот на убиството на тројцата припадници на МВР, нормално е таа Информација да ја проследиме со најголемо внимание и на неа навистина да обратиме колку што можеме и колку сме вични и стручни и т.н. и не само тоа туку и од еден друг аспект, ако треба и од аспект на почитување на сите тие демократски процеси во РМ, да обратиме еден друг аспект на гледање на целата работа.

Неоспорно е и сигурно дека кога ќе се прочита, тоа е мој личен впечаток, Извештајот или Информацијата доставена доставена од МВР, дека се работи за еден доста штур, доста не целосен, ровит Извештај, во кој што сакале или не многу лесно се уочуваат разни недостатоци, контрадикторности, недоречености, дури и апсурд. Тука е мојата зачуденост да стручни органи, како што е МВР се доведат во ситуација да можат да напишат и да составот таков извештај или таква информација.

Јас сум убеден дека секој човек кој малку се занимава со нешто што е констатација на ситуации или хронологија на ситуации, меѓу другото дел од мојата струка е и тоа, со една елементарна, би рекол драматуршка анализа на целиот случај, затоа што сепак се работи за хронологија на настани ќе дојде до поразително лоши сознанија, кои што го профилираат целиот случај или врз него ставаат еден дел на недореченост, мистериозност, некои луѓе дури, овде слушаме, сакаат тоа да го толкуваат на разни други начини на монтираност и т.н. Што не е добро.

Таков еден извештај мора да биде високо стручен, високо професионален. Ние ако се залагавме и се залагаме за високостручна професионална полиција, која што ќе биде ослободена од сите видови на партизација, на партиски делувања, на остварување на поединечни политички интереси, апсолутно мораме да се сложиме дека во тој правец и на таков начин треба и да очекуваме информации од Министерството за внатрешни работи, што не е случај.

Јас ако се впуштам во тоа да направам една анализа веројатно тоа ќе потрае и не би сакал да одам во поединости, само би означил неколку пункта, меѓутоа

спремен сум ако некои луѓе сакаат да поразговараат да се оди и на поединости.

Апсолутно не е цел да се ставаме во улога на квази судски органи и да водиме истрага, меѓутоа кога пред нас стои Извештај наша задача е максимум совесно и логично да ги посматраме аргументите, кои што се нудат во тој извештај и да видиме дали по наша оцена тие имаат доволно јака издржаност случајот да биде завршен навистина позитивно и сторителите на така грозоморниот чин бидат изведени пред судот на правдата.

Од тој аспект би сакал малку сега да се навратам, точно околу таа рофитост. Дури и мали деца да седнат да го изанализираат материјалот ќе ги забележат работите, кои што сигурно не ќе може да бидат побиени така едноставно од оние кои што го напишале или пак ако имаат други дополнителни аргументи навистина треба да ги вградат во информацијата.

Уште од самиот почеток Извештајот има недоследност, навистина. Уште од начинот, методите како е преземена акцијата околу безбедносните мерки на самата акција, како биле преземени, дали се тие соодветни и дали навистина одговараат на стандарди, не зборувам македонски, на стандарди кои што се високо стручни, полициски и кои што може да одговараат на едно европско, и светско ниво и т.н. Тука сигурно, тука се согласија некои претставници од внатрешните работи, па дури и министерката во првобитното свое обраќање, веднаш непосредно после злочинот, каде што констатира пропусти на тој план. Значи тоа е едната работа.

Другото, навистина ни е жал да целата приказна кога се гледа вака околу овој немил случај, кој што може да остави навистина длабоки, сериозни последици во општествениот живот во Македонија, а пред се во меѓу националните односи, да биде бегло, површно третиран.

**СТОЛЕ ПОПОВ:** (Продолжени)

Понатаму, ако се гледа целиот случај ќе се воочи еден, на пример од елементите, веројатно првиот елемент кој што е недоречен, а го има скоро во секоја, би рекол, драматуршка шаблон прикаска, а тоа е воведување на елемент кој што е нов во драматургијата и се вика пуот-пуент, каде што има обрт и каде што одеднаш се јавува некој непознат елемент, кој што доволно не е разјаснет, тоа е преживеаниот полицаец, за кој што е бегло споменато само во извештајот.

И во претходните пишувања на медиумите знаеме дека тука недостасува, читајќи го овој Извештај, еден период, тоа е периодот веднаш непосредно после првото пукање одење на убијците и повторното враќање нивно. Тоа, колку што јас знам не беше демантирано, дури беше и потврдено од страна на МВР, меѓутоа тој дел недостасува. Што се случило во меѓувреме, како се случило, каде бил човекот и т.н.

Значи, има една голема празнина која што фрла една сенка, која што по мое мислење не би требало да биде и ако веќе се даваат извештаи подобро да се размисли на кој начин се даваат извештаите.

Друга работа која што веројатно е клучна во целата информација е недостатокот на мотиви. Нема мотив. Јас дури, по мое сфаќање на нештата, полицијата не е таа која што треба да се занимава со мотивите. Полицијата е онаа која што треба да се занимава конкретно со чинот, со актот, значи со злочинот. Мотивите обично се разгледуваат подоцна. Нив ги разгледува обвинителството, судот може да влијаат на казната и т.н.

Меѓутоа, во една поширока илустративност на целата ситуација мораме да признаеме дека мотивите не се ни назначени. Не се ни наѕираат, што е најстрашно во целиот случај.

Од некои пратеници тука беше инсистирано, ми се чини од пратеникот Рамадани, кој што потекнува од тоа село, кој што инсистира и тврди дека мотивот мора да бил крупен. Тоа неколку пати го апострофираше, го потенцираше и т.н., што лично не можам да се сложам, затоа што мотивите не мора секогаш да бидат крупни. Мотивите можат да бидат маргинални, ситни дури има злочини каде што дури и навидум не постои мотив. Навидум не постои мотив, кој е скриен потсвесно и т.н. Може да се работи за секаков вид случај, така да однапред прејудицирања, однапред доведувања на конструирања на судови, заклучоци мислам дека е навистина погубно во оваа ситуација и не става навистина во една неблагородна положба.

Друг клучен момент, само клучните моменти ќе ги напоменам, а ситни ги има навистина многу. Друг клучен момент е што никаде во Информацијата не стои дали се обезбедени непобитни материјални докази. Тоа е веројатно суштинска работа. Ако сакате да напишете таков извештај, кој што завршува со фактот дека обвинителството ја прифатило кривичната пријава и оди со обвинение не може во еден ваков Извештај да не стои информација, дали постојат

непобитни материјални докази. Секој од вас веројатно овде знае, ако ништо друго гледајќи филмови, дека признанието на некои од тие луѓе, кои што биле притворени не мора да значи и нивна вина. Вие имате во високо развиените земји, каде што има висок степен на криминал случаи, каде што за еден криминален акт или чин ќе се пријават по 10-тина луѓе, кои ја превземаат вината.

Ако тоа не биде докажано со цврсти непобитни материјални докази постои голема опасност, на која јас сакам овде како мое лично видување да укажам, во кое што можат да влетаат истражните органи, дури и обвинителството во Македонија. Јас би апелирал навистина да се потпрат и да инсистираат на здрава анализа, на високо стручна, професионална анализа на непобитни материјални докази за да се поведе постапка. Затоа што навистина ќе биде страшно ако се поведе постапка и се влезе во судски процес, кој што однапред не е доволно издржан во обвинението и во истражната постапка мислам дека може да имплицира навистина сериозни проблеми кои што ќе се одразат дури тогаш и на општествениот и на политичкиот живот во Македонија. И навистина може да ги дигнат тензиите. Затоа апелирам од овој аспект на нештата.

Третата работа од овие елементи во самиот случај е случајот Сабри Асани. На едно место се кажува дека групата која што била во Маврово, во викендицата првата давала отпор, применила сила на која било возвратено со сила. И понатаму има еден празен ход, празен простор и веќе не постои Информација дали и во која мера врз лицето Сабри Асани било извршено физичко насилство. Значи, тука исто имаме еден празен дел.

Јас мислам дека сите пратеници, кои што навлегоа во разни оценки, јас би ги замолил и следните кои што ќе дискутираат, да се воздржат од заклучоци и од сугестии и од прејудицирања. Овие работи навистина треба да се остават на правосудните органи, на обвинителството, на судот и т.н. Единствено на тој начин можеме да дојдеме до прав резултат, кој сите ние го посакуваме, злосторниците да бидат навистина фатени и изведени пред судот на правдата.

Ми се чини дека инсистирањето на Министерството за внатрешни работи, значи на оние кои што ја водат постапката, инсистирањето од некои партиски интереси, инсистирањето во собраниското прејудицирање на она што е дадено како предлог заклучок апсолутно отфрли, да се прифати амандманот што го нудиме. Тоа остава слика дека навистина во овој случај некој некого влече за нос. Поточно или полицијата, Министерството или поедини структури во МВР, ја влече за нос јавноста. Или пак извршителите на ова грозоморно убиство, со целата логистичка поддршка, веројатно, што ја имаат околу, не сакам да навлегувам како и што, ја влечат за нос и полицијата и јавноста.

Затоа, уште еднаш би рекол и апелирам, да не суделуваме понатаму во подробни анализи. Подробни анализи можат да се прават до бескрај, да не изигруваме ни судии ни адвокати, ни истражители, да не го претвараме Собранието во Собрание на трагичен "Монти пајтон"-овски тип, каде што секој ќе си зема за право да дава заклучоци и т.н., туку навистина оваа работа да ја оставиме на институциите на системот, на правниот систем и да ја ставиме во рамките на правната држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојан Попов за дискусијата.

Реплика побара потпретседателот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ќе останам крајно благодарен на господинот Стојан Попов, ако ова го говореше во сфера на снимање на филмови и пишување на режија. И, таму нека остане, не сакам да навлегувам во надлежности.

Меѓутоа, истовремено го повикувам да не навлегува во надлежности во правната наука и процедурата, со која што се утврдуваат кривичните и кривично - правните одговорности, кој ја води постапката, како ја води, кој е надлежен, кој дава, кој одредува кои докази да се земат и кој утврдува веродостојност или не веродостојност на доказите. И, на крајот, кој одлучува за мотивот.

Кога ги напомнав овие, Јавниот обвинител на Република Македонија е овластен за дела што се водат по службена должност. Убиството на тројцата полицајци е предвидено и казниво со закон, што предизвикува и ангажирање по службена должност и интервенција на Јавниот обвинител.

Јавниот обвинител може да поведе постапка на основа на општо познати факти или сознанија, на основа на пријава или на основа на лично запазување. Тој е должен, секогаш, а меѓу другите кои се задолжени да поднесуваат кривични пријави, покрај сакањето на оштетениот, ако е граѓанин, а

за тоа ужива обвинителска заштита за гонење, да го тоа преземе, а органите за внатрешни работи се должни да пријават извршување на кривично дело и на Јавниот обвинител му достават одредени докази, кои што ќе укажат на основаноста или не основаноста на сомнението некој тоа дело го извршил, односно пријавениот или пријавените тоа го направиле.

Оттука натаму, главниот кој одлучуваа за прогон е Јавниот обвинител. Тој се обраќа до истражниот судија. Истражниот судија одлучува дали има или нема место за водење на истражна постапка.

Господо пратеници, од Извештајот не е спорно дека Министерството за внатрешни работи од подрачната единица во Скопје поднело кривична пријава до Јавниот обвинител, тој се обратил до истражниот судија, истражниот судија, штом сите го тоа тврдиме како неспорно и така е, определил мерка притвор против девет и едно лице кое е во бегство. Тоа е јасно дека постапката е завршена. Сите работи понатаму се во раце на Јавниот обвинител и истражниот судија. Квалитет на докази кои ќе ги изведе, кој ќе ги избере, кој ќе ги прибира и кој ќе обезбеди на Јавниот обвинител, останува на истражниот судија.

Зошто ја вршам оваа интервенција? Ние расправаме за Извештај на Министерството за внатрешни работи, односно по Извештајот на Владата на Република Македонија, во кој што не известува дека понатаму по претходно прибрани податоци се укажува на одредено лице, односно одредени лица дека го извршиле тоа дело. Понатаму има кој да го утврди тоа.

Барање сега, кои докази ние ќе ги имаме овде, пластично да ни ги достават, господа, во Законот за кривична постапка има една одредба според која се забранува да не се пробива истрагата, да не се "осуети" како што пишува.

Дали ние сега, како Парламент, вршиме осуета на истрагата, кога бараме да ни се дадат квалитетни докази, формални, да ни се дадат квалитетни материјални докази и ние да ги цениме овде? А, заклучуваме дека се работи за друг надлежен орган, односно за судот.

Затоа реков, господине Столе Попов, навлеговте во туѓи дворови, оставете тие нека си ја водат работата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Сулејмани бара процедурално.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Процедуралната забелешка е до вас, господине претседателе, како претседавач на Собранието.

Ќе ве молам, кое право од Деловникот го користеше претходниот дискутант, кој ни држеше овде предавање, како функционира нашето законодавство.

Дали користеше процедура, дали користеше реплика, кое право го користеше кога му се обрати на Парламентот?

Ќе ве молам, ако е претседател на Собранието, тоа не значи дека тој прв треба да го крши Деловникот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика има господинот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Сакам да кажам само дека господинот Томе Стојановски, апсолутно направи замена на тезите, јас, во ниту еден случај не си земав за право и надлежност во прерогативи и желба да прејудицирам ниту една состојба. Јас реков дека само сакам од еден логичен аспект да го анализирам, врз основа на мое видување, Информацијата што беше доставена од Министерството за внатрешни работи.

А, кога веќе се работи за прејудицирање, тогаш уште еднаш ќе напомнам дека прејудицирање имаше во изјавата на премиерот, во Извештајот, во заклучоците на Комисијата за внатрешни работи и одбрана, во последното излагање, исто, на министерката за внатрешни работи. Таму имаше прејудицирање и таму имаше непочитување на она што се инстанци, правосудни и на институциите на системот. Јас, такво право не си земав.

А, што се однесува за материјални докази, ако во Извештајот стојат други докази како што се оружје, вакво онолку грама ова, онолку грама она, недозволиво е во таков Извештај да не стои: прво, дали е откриено, дали е најдено оружјето, со кое е извршено оружјето; дали се направени парафински ракавици; недозволиво е. Зошто тогаш стојат вакви работи?

Тогаш немојте да не ставате во позиција да читаме Информација што со својата не логичност е не одржлива.

А јас, повторно сум сигурен во ова што го кажувам дека јас, не направив никакво отстапување и никакво прејудицирање. Други тоа го направија. Повторно се повикувам, случајот навистина да најде завршница таму каде што треба. А, мојот апел до обвинителот, ако некој

внимателно го слушаше, беше точно апелирање да се потпре на цврсти, на цврсти докази и на една високо стручна анализа за да не дојде, евентуално, до неуспешност во понатамошниот тек на целата постапка што треба да резултира со обвинение и со суд. Само тоа беше моето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Стојановски има реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакав да играм улога на која ме повикаа за туѓи изјави. Затоа и реков да се држиме до процедурата што е пропишана во оваа држава.

Господине Столе, ја спомнавте изјавата на претседателот на Владата. Јас не ја оспорувам. Вели: "Во рамки на нашата надлежност", а читај во надлежноста на Министерството за внатрешни работи постапката е завршена и е решена. Ние имаме поднесено кривична пријава до овластен гонител и предложени докази што тие ќе ги ценат. Во Информацијата тоа така се наведува.

Господине Столе, знаете ли, сега ќе ви откријам една тајна, да секогаш доказите што се нудат не се одлучувачки. Можат тие докази да прикриваат нешто друго многу побитно, да не говорам понатаму.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, господа пратеници, имаме уште многу.

Јас долго време се колебав, скоро 45 минути откако го добив писмото на тројцата родители, потпишано овде, барање упатено до Вас. Се колебам дали да ви го прочитам, затоа што, навистина, повторно ни укажуваат дека во погрешна насока водиме расправа.

Но, мора, ако е можно да дадеме придонес да се откријат, заради сите граѓани во оваа наша држава, злосторниците и да се изведат пред суд. Тоа им е централното во ова писмо. Не сакам да ви го прочитам сега, затоа што, навистина, има емоции во него.

Во тој дух, ве молам, ако е можно да бидеме порационални и ако е можно вечерва да ја завршиме расправата, затоа што кон ништо не не води. Ако сега се надмудруваме и докажуваме кој е подобар правник, како се води процедурата итн., итн.

Ако е можно, јас би апелирал од целата оваа листа, која што е ужасно долга, ако се согласувате, ќе ве молам, да дадеме пауза, да ги викнам повторно координаторите на еден разговор и за половина час да се договориме, ако е можно и во таа ситуација да продолжиме со дискусијата. Инаку, овде имаме, според листата на пријавени, не 22, туку веќе имаме скоро 40 дискутанти. Што мислите, колку време мислите дека можеме ова да го тераме?

Не два дена, туку не знам колку денови ќе ни требаат овде.

Затоа ве молам, мојот предлог е да се повлечам со координаторите на пратеничките групи, ќе имаме време, 15 минути да се повлечеме со координаторите на пратеничките групи и, ако е можно,...

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

(Од место). Нема да има кворум ако прекинете.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не, видете, ако вие не сакате, ве молам, господине Таири ако не сакаат кворум, сега ќе си излезат и нема да направат кворум. Немојте да мислите дека ние во овој момент го држиме кворумот, туку џентлменски договор е сите други да се откажат овде, евентуално, координаторите да ги изразат ставовите на пратеничките групи и на тој начин да завршиме.

Ако секого овде пуштиме да говори, и тоа е право, но да знаете дека во тој случај во одреден период ќе ја прекинам седницата и целата наредна недела ќе ја водиме седницата.

Затоа, во интерес на тоа ќе ве молам, дајте да се договориме, 15 минути давам пауза и барам со координаторите во оваа просторија да се видиме овде.

Објавувам пауза.

(Пауза од 17,10 до 17,30 часот). (По паузата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници, по консултација и во согласност со координаторите на пратеничките групи заклучивме денеска да ја прекинеме седницата, а продолжението да го соопштам дополнително. Благодарам.

(Седницата заврши во 17,30 часот).